ВЛИЈАНИЕТО НА ВСЕЛЕНАТА ВРЗ ВОЕНАТА СТРАТЕГИЈА И ДОКТРИНА | ВОЈУВАЛИШТЕ – ПОЛЕ НА ПРЕЖИВУВАЊЕ НА ВОЈНИЦИТЕ | АВТОМАТСКИ ПИШТОЛ „SKORPION VZ.61“ | АВИОН „MCDONNELL DOUGLAS F-4 PHANTOM II“

# ШТИТ

Број 179
Септември 2024

ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



## Централна свеченост по повод Денот на Армијата и примопредавање на должноста началник на Генералштабот



# „Борбат

# Чествување на 121 година

# и 80 години од Првото

Со низа свечености и манифестации под слоганот „Борбата трае“ беа одбележани 121 година од Илинденското востание и Крушевската Република и 80 години од Првото заседание на АСНОМ. Централната манифестација за одбележување на празникот Илинден – Денот на Републиката, се одржа во Крушево на Гумење и на месноста Мечкин Камен, каде што се обрати премиерот Христијан Мицкоски, кој претходно положи цвеќе на гробот на Никола Карев, на споменикот „Слива“ и на Мечкин Камен. „Како што македонскиот народ заедно се борел во Илинденското востание, така заедно ќе ја изградиме и новата и силна заедничка татковина. Нашата сила е во нашата различност и во нашето единство. Само заедно можеме да изградиме општество во кое секој ќе се чувствува рамноправен и ценет. Илинден е нашиот заеднички светилник во темнината. Илинден е нашата заедничка инспирација и нашиот најголем потсетник дека секоја генерација има своја борба. Како што нашите предци се бореа за слобода и правда, така и ние денес заедно се бориме за нашите идеали “, порача премиерот Мицкоски пред присутните граѓани на Мечкин Камен. Претседателката Гордана Сиљановска Давкова, по повод одбележувањето на 2 Август – Денот на Републиката, прво беше во Пелинце каде што положи свежо цвеќе пред Меморијалниот центар АСНОМ и имаше пригодно обраќање. Таа, потоа, од Пелинце замина за манастирот „Свети Прохор Пчински“ каде што е одржано Првото



# та трае“

# од Илинденското востание о заседание на АСНОМ

заседание на АСНОМ. Во манастирот „Св. Прохор Пчински“ претседателката Сиљановска Давкова беше пречекана од страна на претседателот на Република Србија, Александар Вучиќ. Претседателката Сиљановска Давкова и претседателот Вучиќ оствариja билатерална средба на која беа потврдени традиционално пријателските односи меѓу двете земји. Во изјава за медиумите, претседателката Сиљановска Давкова се заблагодари за гостопримството, истакнувајќи го историското значење на манастирот „Св. Прохор Пчински“ и на АСНОМ. Таа оцени дека билатералните односи меѓу двете држави се добрососедски, во вистинска смисла на зборот, односи зад кои стои желба за солидарност, за помош и за трајна соработка. Во Скопје, 2 Август – Денот на Републиката, беше одбележан на плоштадот „Македонија“, каде што претседателот на Собранието, Африм Гаши,  положи свежо цвеќе пред споменикот на претседателот на президиумот на АСНОМ, Методија Андонов-Ченто. Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, на сите граѓани, припадници на Армијата и на вработените во Министерството за одбрана, им го честиташе големиот празник 2 Август – Илинден. „Симболот на нашиот непокор, на нашата одлучност да живееме слободно во мир и заедништво, е токму нашиот најголем празник, Илинден. Празникот Илинден е нашиот темел за независност, аманетот на нашите херои од Илинденското востание и од Народноослободителната војска. Илинден е ѕвезда-водилка која мораме да ја следиме и да создадеме просперитетна иднина за нашите деца“, порача министерот Мисајловски во својата честитка по повод Денот на Републиката.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчовска-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, полковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит





12
**Комитети и работни тела во НАТО (6) (LC, CS)**

20
**Влијанието на вселената врз воената стратегија и доктрина**

# содржина

ШТИТ | година XVI | број 178 | септември 2024

ИНФО
**Армијата свечено го одбележа 32. роденден** ........ 6

**Промоција на нови офицери и подофицери** ........ 11

На прва линија
**Темната страна на политичкото насилство** ........ 14

Низ воената историја
**Денот „Д“ 80 години од истоварувањето на Нормандија** ........ 18

Глобал
**Поделба на приватните безбедносни актери (1)** ........ 26

Родови перспективи
**Справување со психолошката траума од повеќедецениската криза во Авганистан** ........ 28

Вооружување
**„Redback“, борбено возило на пешадијата** ........ 36

**„M18A1-Клејмор“, противпешадиска распрснувачка мина со насочено дејство** ........ 41

**Конверзија на топот 130 мм „М46“во топ 155 мм/45** ........ 44

Аеродневник
**Едрилица „Чавка“** ........ 46

Воени музеи
**Воениот историски музеј „Пиештани“** ........ 48

Незадолжително
**Нострадамус од Бразил** ........ 52

Уметниците и војната
**Бенџамин Вест, генијалниот автодидакт** ........ 54





34
**Авион „Mcdonnell Douglas F-4 Phantom II“**

36
**„Grumman TBF Avenger“**

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Месец на чествувања, потсетувања и ветувања*

*Во септемврискиот број на „Штит“ секогаш во центарот на нашето внимание се активностите поврзани со одбележувањето на големите празници 2 Август –Денот на Републиката и 18 Август – Денот на Армијата. Денот на Републиката оваа година беше прославен под мотото „Борбата трае“, слоган којшто нѐ потсети дека чествувајќи ги двата големи илинденски настани од минатото, кревањето на Илинденското востание и одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, на кое се поставија темелите на современата македонска држава, ние сме обврзани да се стремиме да ги зачуваме придобивките од вековната борба за слобода, да го негуваме и одржуваме слободарскиот дух, колективитетот и заедништвото во постојаната борба за напредок, просперитет и суверенитет на нашата независна држава и на сите оние коишто рамноправно живеат во неа.*

*Овој месец свечено го прославивме и 18 Август – Денот на Армијата. Чествувајќи го Денот на Армијата, уште еднаш имавме можност да се пофалиме и да се гордееме со оствареното и сработеното. Нашите старешини и војници се едуцирани и посветени на одбраната на татковината. Исто така, тие придонесуваат и во мировни мисии и изведуваат најсложени задачи и операции на глобално рамниште, за што сведочат многубројните медали и признанија од највисоко ниво. Припадниците на Армијата уште еднаш докажаа дека имаме армија достојна за почит, армија која е во зенитот на својот потенцијал, армија која ги достигна стандардите на НАТО и рамноправно учествува во активностите на Алијансата, но и армија која ја има највисоката доверба кај својот народ, која се грижи и придонесува за безбедноста на нашите граѓани и за мирот во светот. Чествувајќи го Денот на Армијата, се потсетивме и на историската заднина на овој ден, а тоа е дека нашата модерна армија го има историскиоот континуитет на партизанските единици од овој простор и дека ќе се движиме по патот што го трасираа нашите борци од НОВ. Ќе потсетиме дека Денот на Армијата е избран да биде 18 август – ден кога во 1943 година на Славеј Планина се формирал Баталјонот „Мирче Ацев“ како прва организирана воена формација на Војската во НОВ на Македонија. Формирањето на Баталјонот „Мирче Ацев“претставува зародиш на создавањето на една нова регуларна војска, која во виорот на НОВ ја достигна бројката од вкупно 66.000 борци, организирани во воени формации на баталјони, бригади, дивизии и корпуси. Од овие наши славни предци, припадниците на денешната армија го наследија борбениот дух и визијата за слободна и прогресивна татковина. Почнувајќи од Славеј Планина, па до членството во НАТО, нашите вооружени сили докажаа дека предизвиците и во минатото и денес биле и ќе бидат совладувани и дека нашите и минати и идни воини секогаш се стремеле и ќе се стремат да бидат најдобри.*

*Во месецот што измина не заборавивме да им оддадеме почит и да се потсетиме на сите загинати припадници на Армијата. Вечните почивалишта на бранителите кои загинаа кај Карпалак и Љуботенски Бачила се спомен за пожртвуваноста на нашите припадници, но и опомена за сите оние кои ќе се обидат да го нарушат мирот и соживотот на граѓаните на Македонија. Како вработени во Армијата и во Министерството за одбрана остануваме посветени на исполнување на ветувањата и достојно ќе работиме за благосостојбата и просперитетот на нашата држава и на нашата армија.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk

ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА
0800 50030



# Армијата свечено го одбележа 32. роденден

Оваа година, на 18 Август, Армијата одбележа 32 години од своето постоење. Централната свеченост по повод Денот на Армијата се одржа во Центарот за обука на вода во Охрид, во присуство на воениот и државен врв, но и во сите касарни и воени објекти каде што на пригоден начин беше прославен роденденот на Армијата

На централната свеченост по повод Денот на Армијата присуствуваа претседателката и врховен командант Гордана Сиљановска Давкова, премиерот Христијан Мицкоски, министри во Владата, пратеници во Собранието, поранешни министри за одбрана и началници на ГШ, пензионирани генерали, командантот на Националната гарда на Вермонт, генерал-мајор Грегори Најт, дипломатскиот кор во Републиката и други високи гости. На централната свеченост во Охрид се обратија претседателката Гордана Сиљановска Давкова и министерот за одбрана Владо Мисајловски, а се изврши и примопредавање на должноста началник на ГШ помеѓу генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и генерал-мајор Сашко Лафчиски кои, исто така, се обратија на свеченоста. Покрај читањето на указите од преседателката Гордана Сиљановска Давкова, се изврши и церемонијално предавање на военото знаме на ГШ, со што официјално генерал-мајор Сашко Лафчиски застана на чело на Армијата како дванаесетти началник на Генералштабот. Во своето обраќање претседателката Сиљановска Давкова истакна: „Македонската држава не ни е подарена, туку е извојувана и стекната со тешка и праведна народноослободителна војна. Вие, војниците и офицерите, питомците и ветераните на Армијата, сте вистинските чувари на наследството, на слободната македонска држава која пред 80 години на АСНОМ ни ја оставија нашите храбри предци.“ Таа истакна дека припадниците на Армијата се на бедемот на одбраната на државата, тие придонесуваат во мировните мисии и операции ширум светот со своето учество и секогаш и секаде учествуваат онаму каде што им е потребна помош на македонските граѓани и на институциите во справувањето со елементарните и друг вид непогоди и кризни состојби во државата.

Министерот за одбрана Владо Мисајловски во своето обраќање ја истакна храброста, пожртвуваноста и професионалноста на припадниците на Армијата, искажувајќи им благодарност за нивниот придонес во одбраната на државата и нејзиниот суверенитет, како и придонесот во рамки на колективното членство. „Она што ни претстои во нашата работа за одржување на стабилна и безбедна држава, но и за зачувување на мирот во глобални рамки е изработка на нови стратешки документи, нова Стратегија за одбрана, ажурирање на Долгорочниот план за развој на одбранбени способности и на Планот за опремување и модернизација, како и понатамошно инвестирање во одбраната, затоа што наша примарна обврска е заштитата и безбедноста на нашите граѓани, на Македонија“, порача министерот Мисајловски.

Досегашниот началник на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, во својот говор истакна дека во овој период се спроведени реформи и трансформации во Армијата со кои таа стана ефикасна, мобилна, мотивирана и борбено подготвена. Притоа, генералот Ѓурчиновски, обраќајќи се до припадниците на Армијата, истакна:.„Војници и старешини, бидете горди на достигнувањата, работевте и продолжете, совесно, одговорно и





професионално, тоа е наша обврска и патриотски долг кон татковината, но воедно и завет на нашите славни илинденци и асномци“.  Ѓурчиновски упати порака до новопоставениот НГШ да се грижи за сите во Армијата и да продолжи да одржува висок степен на борбена готовност. На крајот тој изрази благодарност за соработката и поддршката кон Армијата до сите врховни команданти, влади и министри со кои соработувал во изминатиот период. Новопоставениот началник на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски,  во своето обраќањето искажа длабока благодарност до сите припадници на Армијата кои бескомпромисно се справуваат со пожарите низ Републиката. Говорејќи за својата нова функција тој истакна „Голема е честа да се биде на чело на институцијата која што е синоним за вредности и принципи, институцијата каде што мултиетничноста, моралот, етиката, припадноста и патриотизмот се вградени во генот на секој припадник. И секако, огромна е честа да се биде на чело на институцијата која што ужива најголема доверба кај нашите граѓани“, истакна генералот Лафчиски“. Тој се обврза дека ќе го вложи целото знаење, искуство и професионализам во исполнувањето на мисијата на Армијата и истакна дека сојузниците може да бидат сигурни дека ќе продолжи со исполнување на обврските во согласност со НАТО целите. Обраќајќи се до припадниците на Армијата генералот Лафчиски истакна „Очекувам од секој од вас, да ги одржувате највисоките стандарди на интегритет во сите негови форми“.

Во пресрет на 18 Август – Денот на Армијата, на платото пред Министерството за одбрана и Генералштабот се реализираше традиционален свечен собир на вработените од Генералштабот и Министерството за одбрана. На свеченоста по повод Денот на Армијата се соопштија наредби за унапредувања во повисок чин, наградни отсуства, плакети, значки, благодарници и други стимулативни мерки за припадниците на Армијата и МО, како и на организации кои придонеле за развојот на одбраната и Армијата. Пред присутните се обратија началникот на ГШ, генерал-потполковник, Васко Ѓурчиновски и министерот за одбрана, Владо Мисајловски. Честитајќи им го Денот на Армијата, генералот Ѓурчиновски истакна дека е горд на професионалноста и посветеноста во работата на сите вработени, притоа истакнувајќи  дека во изминатите шест години се остварени голем број на подобрувања на условите за живот и работа и модернизација со очигледни резултати. Министерот Мисајловски во своето обраќање истакна дека Денот на Армијата е посветен на сите кои се непоколеблив штит на нашата безбедност и стабилност, на нашата држава и е празник  за истакнување на достигнувањата и оддавање на почит и признание за храброста и посветеноста на сите припадници на Армијата.

„При справување со секојдневните предизвици и во кризните состојби секогаш сте подготвени да одговорите. Тоа е доказ за вредностите кои ги носите – чест, лојалност и интегритет, додека силата и  пожртвуваноста извира од срцата на секој еден припадник“, им порача министерот за одбрана Владо Мисајловски на вработените во Армијата и  во МО.

Во спомен на припадниците на Армијата кои ги положија своите животи при извршувањето на должноста министерот Мисајловски рече: „Нивниот спомен живее во сите нас, а нивната храброст нè инспирира затоа што тие ни го покажаа вистинското значење на службата, наше е да продолжиме да го почитуваме нивниот спомен“. Во склоп на свеченоста Министерот за одбрана Мисајловски, НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и ЗНГШ, генерал-мајор Азим Нуредин и делегација составена од претставници од семејствата на загинатите бранители положија свежо цвеќе пред спомен обележјето на загинатите бранители пред Министерството за одбрана. Претходно, од страна на делегации од Министерството за одбрана и ГШ, предводени од началникот на ГШ, Кабинетот на претседателката, Собранието, Владата, Сојузот на здруженијата на борците од НОБ, ОРОСМ, Градот Скопје и други претставници, со воени почести се положија венци со свежо цвеќе на Партизанските гробишта, на гробот на загинатиот претседател Борис Трајковски, на гробот на поранешниот претседател Киро Глигоров и на гробот на генерал Михаило Апостолски.

# Средба на министерот Мисајловски со командантот на Националната гарда на Вермонт, Грегори Најт

Во пресрет на одбележувањето на Денот на Армијата, министерот за одбрана Владо Мисајловски оствари средба со командантот на Националната гарда на Вермонт, генерал-мајор Грегори Најт, кој беше во посета на нашата земја и присуствуваше на прославата на Денот на Армијата во Охрид. За време на средбата се разговараше за досегашното партнерство и соработка помеѓу македонската Армија и Националната гарда на Вермонт која трае повеќе од 30 години. На средбата беше потврдено дека сојузништвото и одличната соработка со Националната гарда на Вермонт ќе продолжи и ќе се интензивира и во наредниот период. Обуките, заедничките вежбовни активности, размената на питомци меѓу двете академии се показател за одличната соработка, која е значајна за понатамошниот развој на припадниците на Армијата и на Националната гарда на Вермонт кои, покрај тоа што разменуваат искуства и стекнуваат нови знаења, градат и силни сојузнички врски.

Во рамки на посетата, министерот за одбрана Мисајловски и командантот на Националната гарда на Вермонт, генералот Грегори Најт, го посетија Сајбер- оперативниот центар и Сајбер-тренинг платформата во рамките на Армијата, чија цел е да обезбеди соодветна сајбер-одбрана.



# Почит за загинатите армиски припадници кај Карпалак и Љуботенски Бачила

Заедничка делегација од Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата, предводена од началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и државниот секретар Елизабета Чуповска-Ристова, положија венец со свежо цвеќе на спомен-плочата на загинатите бранители кај месноста Карпалак. Десетте прилепски бранители, Сашо Китаноски, Нане Наумоски, Бранко Секулоски, Марко Деспотоски, Ердован Шабаноски, Љубе Грујоски, Дарко Вељаноски, Веби Рушитоски, Горан Миноски и Пеце Секулоски, ја платија највисоката цена и ги положија своите животи за својата татковина за зачувување на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет. Во спомен на бранителите, во родниот град на македонските херои, Прилеп, исто така беше оддадена почит и беа положени венци со свежо цвеќе пред комплексот Карпалак.

Делегација од Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата, предводена од началникот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и државниот секретар Елизабета Чуповска-Ристова, во спомен на бранителите Томе Бадаровски, Гоце Чанкуловски, Бранко Јанев, Томислав Настевски, Марјанчо Бошковски, Ивица Златевски, Томе Димоски и Раде Јанковски, припадници на резервниот состав на Армијата, кои во 2001 година загинаа кај месноста Љуботенски Бачила, положија венци со свежо цвеќе пред спомен-обележјата на загинатите бранители во село Волково, во село Љубанци и пред спомен-плоча во касарната „Илинден". Претходно, делегација од Генералштабот на Армијата положи цвеќе пред спомен-обележјето на паднатиот бранител Томислав Настевски во Општина Ѓорче Петров. Во чест на загинатите бранители, на спомен-обележјата свежо свеќе положија и членови на нивните семејства и делегации од Кабинетот на претседателката и врховен командант на Армијата, Гордана Сиљановска Давкова, од Владата, од општините Ѓорче Петров и Бутел, граѓански здруженија и организации и претставници на политички партии.







# Методско-огледна вежба

Декларираните тимови од Баталјонот за специјални сили, кои реализираат Обука во летни услови во реонот на Охридското Езеро, во присуство на началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, ги прикажаа способностите во пливање, нуркање, премин преку водени препреки и неутрализација на непријателски сили во вода и на копно. После брифингот за извршените задачи за изминатиот период, се реализираше методско-огледна вежба со тактичка претпоставка за ослободување на заложник, при што припадниците од Баталјонот за специјални сили „Волци“ ги демонстрираа тактиките, техниките и процедурите кои ги користат при извршување на директни акции, а се имплементираат при реализација на наменските задачи. На крајот на активноста, генералот Ѓурчиновски им оддаде признание за реализираната вежба и им посака понатамошен успех при извршувањето на идните задачи, како во државата така и за време на мисиите во странство.



# Прием на новопоставените потпоручници и водници



Во Командата за обука и доктрини (КОД) се реализираше прием на 12 новопоставени поручници од Курсот за потребите на службите во Армијата и 7 водници на служба во Армијата на Република Северна Македонија, распоредени на должности во единиците на Командата за обука и доктрини. Новопримените офицери и подофицери беа примени од страна на заменик-командантот на КОД, полковник Луљзим Нуредини и од претставници од Командата и единиците на КОД. За време на приемот, новопоставените офицери и подофицери беа запознаени со мисијата, историјата, структурата и задачите на КОД, како и со активностите кои претстојат во понатамошниот период, а во кои тие активно ќе земат учество. Од новопримениот персонал се очекува да работат со храброст и одлучност, чесност и интегритет и во целост да ги применуваат знаењата кои ги имаат стекнато за време на нивното школување и, воедно, да го надградат знаењето, со цел успешно извршување на мисијата на КОД и Армијата.

# Хуманоста на дело

Покрај извршувањето на своите редовни работни задачи, припадниците на Армијата остануваат верни на традицијата за доброволно дарување крв, покажувајќи ја својата хуманост на дело.
Во пресрет на одбележувањето на 18 Август – Денот на Армијата, припадниците од 1.пешадиска бригада (1.пбр) и останатите единици од Армијата сместени во касарните „Страшо Пинџур“ и „Кузман Јосифовски-Питу“, во соработка со Црвениот крст и Одделот за трансфузиологија, реализираа акција за доброволно дарување крв. Припадниците на Армијата уште еднаш ја покажаа и ја потврдија својата хуманост на дело, доброволно дарувајќи 57 крвни единици.
Исто така, и во касарната „Илинден“, во соработка со Црвениот крст и со Институтот за трансфузиологија, според потребите, со цел надополнување на потребите за крв и крвни продукти, се спроведе вонредна крводарителна акција.



Припадниците на Армијата секогаш одговараат на потребите на граѓаните и на институциите, при што на оваа крводарителна акција беа дарувани 63 крвни единици.



На 12 август во Домот на Армијата за првпат беше реализиран информативен брифинг за припадниците на Армијата кои ќе бидат упатени во хуманитарни или мировни операции и за членовите на нивните семејства, според Програмата за поддршка на семејствата

# Поддршка за семејствата на персоналот упатен во мисии

Припадниците на Армијата со години наназад активно учествуваат и даваат свој придонес во бројни мировни и хуманитарни мисии и операции за поддршка на мирот ширум светот. За секој припадник на Армијата упатувањето во мисија надвор од државата претставува голем професионален предизвик и ново искуство. Тоа значи дека секој припадник на Армијата максимално се подготвува и се обучува за учество во мисијата. Но, кога армискиот припадник е одвоен од домот и семејството, ова претставува голем предизвик и за семејството кое, исто така, треба да биде подготвено и информирано како да се справи со отсуството на сопругот, таткото или синот, кој е на подолг временски период во конфликтна и небезбедна средина. Токму затоа Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија подготвија посебна Програма за поддршка на семејствата на персоналот упатен во хуманитарни или мировни мисии, која вклучува низа активности, со цел да се овозможи соодветна поддршка и информираност на семејствата на персоналот упатен во хуманитарни или мировни мисии, но и на обука и вежбовни активности надвор од државата.

Поддршката на семејствата ја организира и ја реализира Секторот за човечки ресурси во Министерството за одбрана преку центрите за транзиција и поддршка на семејствата, во соработка со командите и единиците на Армијата и другите органи на државната власт. Според предвидените активности во Програмата, ќе се одржуваат посебни брифинзи за семејствата на припадниците на Армијата, непосредно пред упатување во определена мисија надвор од државата. Исто така, според определбите од Програмата, веќе се испечатени и се дистрибуираат посебни брошури кои ги содржат најважните информации поврзани со оваа проблематика.

Првиот брифинг за семејствата на персоналот упатен во мисии се одржа на 12 август во просториите на Домот на Армијата во Скопје. Целта на овој брифинг беше запознавање со Програмата, односно запознавање со видот на поддршка и со начинот на остварување на истата. Претставници од Секторот за човечки ресурси и од Центарот за транзиција и поддршка на семејствата, ги информираа присутните на кој начин и каде можат подетално да се информираат за сите конкретни прашања и проблеми со кои се соочуваат или, пак, може да се соочат во периодот кога мировникот е отсутен од домот. Во наредниот период се планираат уште неколку вакви брифинзи, со цел секое семејство да ја добие потребната информација.

За Министерството за одбрана и Армијата, од висок национален интерес е припадниците на Армијата кои се упатуваат во мировни мисии, да покажат максимална подготвеност и ефикасност во извршувањето на тешките и комплексни задачи. Но, истовремено, наша цел и императив е семејствата директно да ја почувствуваат грижата од страна на Министерството и Армијата во периодот на отсуство на мировниците.







# Промоција на нови офицери и подофицери

Со пригодна свеченост која се одржа на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, во присуство на претседателката и врховен командант на Армијата, Гордана Силјановска Давкова, министерот за одбрана Владо Мисајловски, министерот за спорт Борко Ристовски, началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, генерали на Армијата и претставници на военодипломатскиот кор на Црна Гора и Босна и Херцеговина, беа промовирани 24. класа потпоручници, слушателите на Курсот за офицери на служби во почетен офицерски чин и слушателите на основниот курс за подофицери во чин водник. Во потпоручници беа промовирани 38 питомци, од кои 24 за македонската армија, 8 од Црна Гора и 6 од Босна и Херцеговина.
Во прв офицерски чин поручник беа промовирани 60 слушатели, кои во периодот септември 2023 – февруари 2024 година и февруари – јули 2024 година поминаа шестмесечен Курс за стручно оспособување и усовршување на офицери за служби за потребите на МО и Армијата и 60 подофицери во чин водник.
На свеченоста се обрати министерот за одбрана Владо Мисајловски кој на новите лидери во Армијата, офицери и подофицери, им порача: „Лидерството не е само авторитет, лидерството е инспирација, давање пример и негување на работната средина во која секој ќе може да напредува, а вие сте повикани да водите со мудрост, храброст, одлучност и да донесувате одлуки со чесност и интегритет, одлуки кои ќе ги отсликуваат вредностите што ја дефинираат Армијата“. Министерот Мисајловски упати благодарност за одлуката да ѝ служат на државата и граѓаните, но и до нивните семејства за поддршката и разбирањето за нивната определба. Тој ја потенцираше и важноста на Воената академија во регионални рамки. „Оваа година на Воената академија со прв офицерски чин се стекнуваат и питомци од Црна Гора и од Босна и Херцеговина.
Тоа ја покажува нашата сериозна посветеност во регионалната стабилност и безбедност. Создадовме човечки капацитети, офицери, кои изминативе 4 години заедно живееја, се едуцираа и се обучуваа како да ги совладаат задачите кои им претстојат. Верувам оти и во иднина ќе останете добри пријатели и дека активно ќе соработувате и заеднички ќе придонесувате за зајакнување на мирот, безбедноста и стабилноста во Регионот и во Алијансата“, истакна министерот Мисајловски.
Претседателката и врховен командант на вооружените сили, Гордана Силјановска Давкова, на новите офицери и подофицери им рече: „Знам дека вашите животи се различни. Но, денеска, овде, и за време на студиите, вашите животи се соединуваат. Животот е еден трнлив, незапирлив марш кон слобода, кон знаење, кон успеси. Никогаш не заборавајте дека тој пат го изоделе и го отвориле илинденците, партизаните, асномците, а потоа и вие. Армијата е едно семејство од лични приказни, меѓутоа не е само обичен збир на припадници. Армијата има нешто заедничко - сите вие овде, со кои се гордеам, офицери, подофицери, војници, сте обврзани со нешто свето, со свечената заклетва да ја браните слободата, сувереноста, самостојноста и територијалниот интегритет на нашата татковина. Се разбира, војската бара дисциплина, а не само посветеност. Затоа и вие дисциплинирано, совесно и одговорно, онака како што студиравте, како што учевте, така и да ги извршувате обврските и должностите како бранители на слободата и честа на татковината“ и додаде: „Никогаш не заборавајте од каде доаѓате. Никогаш не заборавајте ја вашата заклетва, дека сте тука, пред сè, за македонските граѓани и за одбраната на македонската република“.
Деканот на Воената академија, полковникот Митко Богдановски, на новите офицери им порача: „Заедно, со посветеност и со верба ги надминавте сите сомнежи и ја потврдивте вашата сила. Секој од вас има своја улога во оваа приказна на успехот. Денес стоите овде не само како поединци, туку како доказ за тоа што може да се постигне кога се работи заедно, со верба во себе“.





# Комитети и работни тела во НАТО (6) (LC, CS)

Комитетите на НАТО претставуваат незаменлив дел од процесот на донесување одлуки на Алијансата. Обезбедуваат рамка во која земјите членки можат да разменуваат информации за различни теми, да се консултираат едни со други и да донесуваат одлуки со консензус и заеднички договор во интерес на нациите

Припадници на постојаните делегации на нациите во седиштето на НАТО во Брисел, Белгија, односно национални експерти од државите сојузнички и партнерите, присуствуваат на состаноците на комитетите што се одржуваат со персонал од Меѓународниот штаб и Меѓународниот воен штаб, а учество земаат и претставници на стратегиските команди на НАТО.

**Главни тела за одлучување во НАТО**

**Комитетот за логистика (Logistics Committee – LC)** е високо советодавно тело за логистиката во НАТО, формирано со цел да се усогласат и да се подобрат перформансите, ефикасноста, одржливоста и борбената готовност на силите на Алијансата. Во исто време Комитетот претставува сеопфатен координативен орган низ целиот спектар на логистички функции. Редовно доставува известувања до Северноатлантскиот совет и до Воениот комитет, со што се одразува зависноста од логистиката во исто време за цивилните и за воените структури.

Овој комитет бил преименуван во Комитет за логистика во јуни 2010 година, после темелниот преглед на комитетите на НАТО, со цел да се воведе поголема флексибилност и ефикасност во работните процедури. Комитетот за логистика е во тесна соработка со Комитетот за планирање на цивилни вонредни состојби, пред сѐ во координацијата за користење на цивилни ресурси за поддршка на севкупните одбранбени напори на Алијансата. Комитетот за логистика е одговорен за усогласување и координирање на развојот на политиките со усогласени совети за цивилни и воени логистички прашања, логистичка интероперабилност, како и соработка во логистиката. Како што се појавуваат новите концепти, визии и технологии, тој гарантира дека потребните концепти за логистичка поддршка се поставени и се во согласност со визијата на НАТО. Клучниот документ за принципите и политиките за логистика го воспоставува принципот на колективна одговорност за логистичка поддршка помеѓу националните и НАТО властите. Комитетот се заснова на идејата дека и НАТО и земјите учеснички се одговорни за логистичката поддршка на мултинационалните операции на НАТО. Се карактеризира со тесна координација и соработка помеѓу националните и НАТО властите во текот на логистичкото планирање и извршување.
Комитетот за логистика е здружено цивилно-воено тело каде се претставени сите 32 членки на Алијансата, со високо стручни национални цивилни и воени претставници на министерствата




за одбрана или еквивалентни тела кои се одговорни за потрошувачките аспекти на логистиката. Во работата на Комитетот учествуваат и претставници на стратешките команди, Агенцијата за поддршка и набавки на НАТО, Канцеларијата за стандардизација и други тела. На заеднички цивилни и воени состаноци, во одредени формати со Комитетот претседава генералниот секретар на НАТО. Комитетот има двајца постојани копретседавачи: помошник-генерален секретар на одделот, којшто е одговорен за прашањата за одбранбена политика и планирање и заменик-претседавач на Воениот комитет. Копретседавачот е заеднички поддржан од персонал на Меѓународниот штаб и на Меѓународниот воен штаб.
Извршна група на Комитетот за логистика го следи и го координира спроведувањето на логистичките политики, програми и иницијативи преку консултации со нациите, стратешките команди и другите логистички тела на НАТО. Постои специјализирана група во областа на движење и транспорт. Комитетот за нафта, како составен дел од овој комите,т е високо советодавно тело во НАТО за логистичка поддршка на силите на Алијансата за сите прашања што се однесуваат на нафтата, нафтените инсталации и опремата за ракување во време на мир, кризи и конфликти, вклучително и експедициски операции. Групата за безбедност на транспорт на муниција обезбедува насоки за силите на НАТО за процедурите за планирање, организирање и спроведување на логистички транспорт на муниција, експлозиви и опасни материи со користење различни начини на транспорт.

**Комитет за стандардизација (Committee for Standardization - CS)**
Овој комитет, исто така е составен од претставници од сите 32 членки на НАТО и од повеќе партнери. Ги донесува политиките, правилата и упатствата за сите активности за стандардизација на НАТО, односно сојузниците како интероперативни и ефективни воени сили со усогласени способности. Генералниот секретар на НАТО во одредени формати е претседавач на Комитетот за стандардизација, претставен од двајца постојани копретседавачи, односно од помошник-генерален секретар за инвестиции во одбраната и заменик-претседавач на Воениот комитет. Земјите партнери се активно вклучени во активностите на комитетот. Платформата за интероперабилност ги обединува сојузниците и партнерите кои ја покажале својата посветеност да ја зајакнат интероперабилноста со НАТО. Работејќи под надлежност на Северноатлантскиот совет, пред којшто и одговара за својата работа, Комитетот за стандардизација издава политики и насоки за сите активности за стандардизација на НАТО. Создаден во 2001 година, овој комитет го води развојот на политиката на НАТО за стандардизација и ја следи нејзината имплементација. Го олеснува развојот, одржувањето, управувањето и имплементацијата на стандардите на НАТО, донесува одлуки врз основа на консензус помеѓу сојузниците, а доколку не може да се постигне консензус, предметното прашање може да се упати до Северноатлантскиот совет. Комитетот ги подготвува годишните извештаи до Северноатлантскиот совет за постигнат напредок во стандардизацијата, предлагајќи активности и прикажувајќи ги своите цели за наредните години.
Агенцијата за стандардизација на НАТО напредувала при спојувањето на две посебни тела за стандардизација, едно воено и едно цивилно. Агенцијата за воена стандардизација била основана во Лондон во 1951 година и истата година е преименувана во Воена агенција за стандардизација. Агенцијата се преселила во Брисел во 1970 година. Во 1995 година била создадена Канцеларијата за стандардизација на НАТО од страна на Северноатлантскиот совет, како дел од Меѓународниот штаб на Алијансата,а за да се справи со пошироките прашања за усогласување на стандардите. Во периодот помеѓу 1998 и 2000 година, двете тела биле споени во едно, создавајќи ја Агенцијата за стандардизација на НАТО како кадровски елемент на новата Организација за стандардизација на НАТО (NATO Standardization Organization).
Комитетот за стандардизација бил создаден во 2001 година за да ја надгледува работата на Организацијата за стандардизација на НАТО. Во 2014 година, како дел од реформите на НАТО за подобрување на ефикасноста и ефективноста, сојузничките министри за одбрана ја создадоа Канцеларијата за стандардизација на НАТО (NATO Standardization Office - NSO) со директор избран од Воениот комитет на НАТО, именуван од генералниот секретар на НАТО. Со оваа одлука биле распуштени Агенцијата за стандардизација и Организацијата за стандардизација.



Драган Павловски



# Темната страна на политичкото насилство

Политичкото насилство претставува насилно дејство и изразување на незадоволство на поединец или група луѓе против власта. Агресијата и насилството одамна се дел од човечката историја, со цел да се обезбедат работи коишто човекот не ги поседувал или за да ги зачува работите што ги поседува

Политичкото насилство е насочено против државата, нејзиниот имот и луѓето кои управуваат со институциите. Политичкото насилство може да започне со немири или масовни демонстрации, но можно е да има и други различни форми. Аристотел бил првиот филозоф кој полемизирал за природата и причините за политичкото насилство и, според него, политичкото насилство е последица на промената на рамнотежата на општествените сили во одредена држава. Така, уште од античко време, политичкото насилство предизвикувало неред во државата, а во модерното време, проблемот со политичкото насилство станува се поизразен и покомплексен. Постојат различни форми на политичко насилство, а дел од нив се: насилни протести на народот против власта, тероризам, атентати, саботажа, киднапирање, воен пуч, преземање на власта, бунтови и војна. Од 1835 г. до денес во САД се случиле најмалку 15 атентати или обиди за атентат. Биле убиени 4 претседатели и двајца претседателски кандидати. Во меѓувреме имало многу обиди за убиства на актуелни и поранешни претседатели и други избрани функционери. Дали обидот за атентат врз поранешниот претседател на САД, Доналд Трамп, кој се случи на 13 јули 2024 г. ќе предизвика дополнително насилство или нестабилност во земјата? Настанот може да придонесе за зголемување на поддршката за поранешниот претседател Трамп, одземајќи го вниманието од кампањата на претседателот Бајден и Демократската партија, меѓутоа можниот севкупен ефект нема да биде голем. Ефектите од атентатите за политичка дестабилизација на државата се најголеми во системи без формални, регулирани процеси на пренесување на лидерската улоги. Погубни ефекти од извршените атентати се случуваат во државите на кои им недостигаат регулирани закони и правила за замена на лидерот. Во земјите на кои им недостасуваат стабилни регулирани демократски институции, атентат врз шефот на државата се смета за единствен начин да се изразат незадоволствата и да се извршат политички промени. Спротивно на тоа, во политичките системи со фер, регуларни избори, незадоволните политички субјекти честопати чекаат работите да се сменат на следниот изборен циклус. Кога се случуваат атентати во демократски системи, тие често се резултат на незадоволни или обесправени поединци.

Јасно е дека во демократските општества убиството на лидерот не е ефикасен механизам за спроведување на политички промени, бидејќи партијата која што е на власт само ќе изврши замена на поединецот.
Анализата на извршени атентати, покажува дека од 1950 г. до денес, на секои две до три години се извршуваат атентати со смртни последици по лидерите на државите. На САД не им се непознати атентатите и обидите за убиства од висок профил како, на пример: животите на актуелните американски претседатели, така и на претседателските кандидати. Четворица поранешни американски претседатели, Абрахам Линколн, Џејмс Гарфилд, Вилијам Мекинли и Џон Ф. Кенеди, беа убиени за време на нивните претседателски мандати; на 10 мај 2005 г. имало обид за атентат со рачна бомба врз 43. претседател на САД, Џорџ В. Буш, за време на неговиот говор во Џорџија. За среќа бомбата не се активирала и немало жртви во нападот; на 30 март 1981 г. се случил обид за атентат со огнено оружје врз 40. претседател на САД, Роналд Реган, во момент кога го напуштал хотелот во Вашингтон. Претседателот се здобил со прострелна рана, за по 12 дена да биде пуштен од болничко лекување; 5 септември 1975 г. – обид за атентат со огнено оружје врз 38. претседател на САД, Џералд Форд. Претседателот не бил повреден бидејќи пиштолот на атентаторот не можел да го испука куршумот. Седумнаесет дена подоцна, на 22 септември 1975 г., за време на обраќање на претседателот, извршен е уште еден обид за атентат. Атентаторот со револвер испукал два куршуми кон претседателот Форд, но и двата промашиле; 22 ноември 1963 г. – извршен е атентат врз 35. претседател на САД, Џон. Ф. Кенеди. Во Далас, во возило во движење, претседателот е застрелан и убиен од страна на Ли Харви Освалд; 1 ноември 1950 г. – обид за атентат со огнено оружје врз 33-от претседател на САД, Хари С. Труман. Порторикански националисти, отвориле оган врз Блер Хаус-резиденција во Вашингтон во која престојувал претседателот. Атентатот е неуспешен, но за жал убиен е еден полицаец; 6 септември 1901 г. – атентат врз 25-от претседател на САД, Вилијам Мекинли. Мекинли бил застрелан на Панамериканската изложба во Бафало, Њујорк за време на неговиот втор мандат. Мекинли починал една недела подоцна на 58 години; 2 јули 1881 г. – атентат врз 20. претседател на САД, Џејмс А. Гарфилд. Во Вашингтон додека чекал воз, претседателот бил застрелан во грбот и рамото, а починал по два месеци; 14 април 1865 г. – атентат врз 16. претседател на САД, Абрахам Линколн.



Линколн бил застрелан во грб додека гледал претстава во театарот „Форд“ во Вашингтон; 30 јануари 1835 г. – обид за атентат врз 7. претседател на САД Ендрју Џексон. Вооружен маж се обидел да го застрела претседателот откако тој ја напуштил зградата на Капитол во Вашингтон, но пиштолот не испукал.
Атентатите на лидери од висок профил во најразвиените земји во светот може да сметаме дека релативно мошне ретко се случуваат, меѓутоа не така далеку од САД, ситуацијата е различна. На пример Мексико неодамна ја достигна најмрачната политичка пресвртница во одржувањето на најсмртоносната изборна сезона досега. За време на изборниот циклус во земјата во 2024 г., беа убиени 37 политички кандидати, од кои многумина се натпреваруваа за локална функција. На изборите во земјата во 2021 г. беа убиени 36 кандидати. Покрај прашањето за атентати, во Мексико во 2024 г. беше присутно и друг вид на насилство врз кандидатите. Регистрирани се 828 несмртоносни насилни инциденти за време на изборната сезона во 2024 г., засенувајќи ги 389-те напади регистрирани во 2018 г. за време на претходните претседателски избори во земјата. Пакистан, исто така, доживеа пораст на ваквите закани последниве години. Според глобалната база на податоци за тероризам, Пакистан доживеа значително зголемување на атентатите и обидите за атентати против владини претставници од 2012 до 2016 г., достигнувајќи ја бројката 36 во 2013 и во 2015 г. Меѓутоа, обидот за атентат врз Трамп, веројатно нема да има значајно политичко или економско влијание, со оглед на структурата на американскиот демократски систем и фактот дека во него не е вмешан актуелен шеф на државата. Дали се зголемуваат обидите за атентат ширум светот? Обидот за атентат врз Доналд Трамп, политичка фигура од највисок профил, се соочи со обид за атентат. Ова е инцидент кој претставува глобален модел на зголемени закани и насилство врз политичарите.
Изминатиов период и словачкиот премиер Роберт Фицо и поранешниот пакистански премиер Имран Кан преживеаја обиди за атентат, додека аргентинска потпретседателка Кристина Фернандез де Киршнер избегна обид за атентат во 2022 г., кога се заглавил пиштолот на напаѓачот. Лидерот на јужнокорејската опозиција, Ли Џае-Мјунг, беше избоден со нож во јануари 2024 г., а поранешниот бразилски претседател Жаир Болсонаро, беше избоден со нож во 2018 г.. Во атентат ги изгубија животите поранешниот јапонски премиер Шинзо Абе во 2022 г.. Истото им се случи и на британските политичари Џо Кокс во 2016 г. и на Дејвид Амес во 2021 г. Очигледно е дека атентатите се во пораст, а извршителите сметаат дека гласачките кутии и изборите повеќе не се најдобриот начин за изразување на политичкото незадоволство.
Во последните шест години, во САД, бројот на лица кои биле уапсени на федерално ниво поради упатување закани е речиси двојно зголемен, додека бројот на федерални гонења за такви закани во 2023 и 2024 г. е во пораст. Можеби светот полека влегува во ера на политички пресврт каде што политичкото насилство ќе стане рутина во креирање на политиката? Одредени студии и истражувања за ставовите кон политичкото насилство покажуваат дека мал, но не и незначителен број жители на западните демократски држави ја поддржуваат идејата за користење насилство за унапредување на политичките идеи. Од една страна поранешниот претседател Трамп е жртва на овој грозоморен напад, но не може да се игнорира и моментот дека тој ја инспирираше екстремната политичка







поларизација. Трамп постојано дејствуваше за да ги демонизира своите противници и премолчено го поддржуваше политичкото насилство за време на бунтот во Капитол Хил на 6 јануари 2021 г. Анкетата извршена во Универзитетот во Чикаго  дава друга перпектива врз размислувањата и позициите што американските граѓани ги имаат кон примената на политичкото насилство. Ова истражување опфати 2000 луѓе и покажа дека 10 отсто од испитаниците сметаат дека употребата на сила е оправдана за да се спречи Доналд Трамп да стане претседател. Ова би било еднакво на 26 милиони луѓе доколку наодите се применат на целата популација. Сета оваа опасна реторика за примена на насилство е дополнета со епидемијата за поседување на оружје во САД. Според ФБИ, оружјето што го користел атентаторот на митингот на кампањата на Трамп, Томас Метју Крукс, била полуавтоматска пушка која била законски набавена од неговиот татко.
Заштитата на претседателот на САД е неизмерно тешка и сложена задача. Малку е веројатно дека може да се смислат мерки за целосно елиминирање на мноштвото различни опасности што може да се појават, особено кога претседателот патува во земјата или во странство. Заштитната задача дополнително се усложнува поради неволноста на претседателот да преземе безбедносни мерки на претпазливост, кои што ја попречува неговата желба да има лесен пристап до луѓето. Соодветноста на постојните процедури може да се проценат само по целосно разгледување на обемноста на заштитната задача, со особено внимание на различните улоги што се очекува да ги исполни претседателот. Основен елемент на претседателската заштита е идентификација и елиминирање на можните извори на опасност, пред опасноста да стане актуелна. Тајната служба се обидува да ја изврши оваа функција преку активностите на нејзините оддели за заштита и истражување, но и барања до други агенции, федерални и локални. За неколку секунди по нападот врз претседателот Доналд Трамп во Пенсилванија, пет агенти веднаш го заштитија и го внесоа во автомобил. Сето тоа изгледаше како реакција на храброст и на ригорозен тренинг, но сепак, тоа беше неприфатлива неуспешна мисија на тајната служба. Сето ова ќе предизвика проверки и инспекции на штета на репутацијата на службата.
Тајната служба на САД започна со заштита на претседателот во далечната 1906 г.. Од тогаш до денес се случиле седум напади или обиди за атентат врз претседатели на САД, при што еден резултираше со смрт, а тоа е атентатот врз претседателот Џон Ф. Кенеди.
Пред заштитата на претседателот да ја преземе тајната служба, беа убиени тројца претседатели – Абрахам Линколн, Џејмс Гарфилд и Вилијам Мекинли. Поради обидот за атентат на поранешниот претседател Трамп, одредени членови на Конгресот изразија интерес за ревидирање на операциите за заштита на тајната служба. Тајната служба има две основни мисии: истраги за сторен криминал и заштита на лица и објекти. Истрагите се фокусираат првенствено на финансиски криминал, додека заштитата се фокусира на безбедноста на одредени владини службеници и на одредени идентификувани критични владини објекти. Мисијата за кривични истраги е најстарата мисија на тајната служба но, сепак,  заштитната мисија е онаа која најчесто го добива најголемото вниманието на јавноста и на медиумите. Тајната служба ги штити претседателот, потпретседателот, нивните семејства, поранешните претседатели и кандидатите за тие функции, заедно со Белата куќа и престојувалиштето на потпретседателот. Надвор од заштитата на овие лица и објекти, тајната служба е одговорна за координирање на безбедносните активности како што се националните специјални безбедносни настани, вклучувајќи инаугурациски церемонии, партиски национални конвенции и одредени меѓународни конференции и настани кои што се одржуваат во САД.
Во 2023 г. министерството за домашна безбедност на САД објави извештај за тековните закани поврзани со тероризам, напади и атентати. Според извештајот во САД заканата е на високо ниво. Индивидуалните престапници и малите групи мотивирани од низа идеолошки верувања и лични незадоволства продолжуваат да претставуваат постојана и смртоносна закана. Домашните насилни екстремисти и странските терористички организации продолжуваат да се обидуваат да ги мотивираат поддржувачите да вршат напади во САД, вклучително и преку насилни екстремистички пораки и онлајн повици за насилство. Веројатните цели на потенцијално насилство вклучуваат критична инфраструктура на САД, верски институции, поединци или настани поврзани со ЛГБТ заедницата, училишта, расни и етничките малцинства и владини објекти и персонал, вклучително и органите за спроведување на законот.
Политичкото насилство се раѓа преку одреден политички процес, кога државата настојува да ја монополизира употребата на сила, а губењето на легитимитетот на власта и неспособноста на политичкиот систем да одговори на барањата на различни сегменти од општеството се дел од поважните причини. Верските и етничките разлики исто така играат важна улога во поттикнувањето на насилството. Денес, во ова модерно време, револуцијата е важен облик на политичко насилство, бидејќи се обидува да ги преструктуира основните општествени, економски и политички институции. Државата користи различни методи за надминување на насилството, а демократските системи веруваат дека политичкото насилство може да се сузбие со надминување на проблемите на коишто укажува од народот, со реформирање на системот и со осмислување уставни и законски измени кои предвидуваат мирно решавање на политичките конфликти. Во развиените демократски држави несогласувањата треба да се решаваат со гласачки кутии, а не со примена на насилство и атентати. Моќта за промена во општествата секогаш треба да се наоѓа во рацете на луѓето, а не во рацете на терористите.

д-р Ненад Танески




Интернетот ги донесе модерните начини на комуникација меѓу луѓето, особено социјалните мрежи, кои прераснаа во нов „современ комуникациски облик“ и токму затоа социјалните мрежи се мошне силен инструмент во секој аспект од современото општество

# Социјалните мрежи – современа алатка за масовна комуникација

Интернетот е јавно достапен систем на меѓусебно поврзани сметачки мрежи од целиот свет, кои пренесуваат податоци во форма на пакети со користење на стандардното множество протоколи, означено како TCP/IP. Интернетот се состои од голем број на мали и големи, домашни и деловни владини и невладини мрежи, коишто заедно пренесуваат различни информации и услуги како, на пример, електронска пошта, директен разговор, како и меѓусебно поврзани мрежни места (websites) и други документи. Луѓето, користејќи го интернетот, користат и социјални мрежи преку кои објавуваат најразлични информативни содржини и притоа ја поттикнуваат меѓусебната комуникација и интеракција. Во зависност од социјалната мрежа, се користат најразлични информативни содржини, видео и аудиоматеријал, слики и други содржини. По објавување на сите овие информативни содржини преку глобалната социјална мрежа, тие стануваат достапни за пошироката јавност. Во еден ист момент на социјалните мрежи можат да бидат присутни милиони луѓе. Токму затоа социјалните мрежи се масовно средство за комуникација. Според податоците на Државниот завод за статистика посочени во соопштението „Користење на информатичко-комуникациските технологии во домаќинствата и кај поединците 2023“, 88 % од домаќинствата имале пристап на интернет од дома. Во првото тримесечје од 2023 година, од вкупното население на возраст од 15 до 74 години, интернет користеле 85,3 %, а 67,7 % го користеле неколкупати во текот на денот, 53,5 % од лицата нарачале стоки или услуги преку интернет последниве 12 месеци. Ова доволно говори дека граѓаните сè почесто се на интернет и сè повеќе ги користат социјалните мрежи, а особено сега со „паметните телефони“ кои се најупотребуваното средство за комуникација. Практично, користејќи го интернетот, социјалните мрежи се „динамичен медиум кој го смени начинот на којшто всушност работиме. Затоа може да се каже дека се нови извори за онлајн-информирање кое се креира, иницира, циркулира и се користи од страна на консументите со намера да се разменуваат најразлични информаци“. Постојат бројни и различни социјални мрежи, каде комуницираат бројни посетители кои се „собираат“ за да споделат слични интереси. На овој начин создадени се виртуелни заедници, преку кои се дебатира за одредени теми и се пренесуваат најразлични информации. Затоа социјалните мрежи се мошне силен инструмент во едно општество. Популарноста на социјалните мрежи започнува по 2003/2004 г., кога се јавуваат „My space“, „Facebook“, „Linkedin“ и др. Има најразлични видови социјални мрежи но, пред сè, тие се: комуникациски мрежи (блогови, форуми, „Twitter“ или, сега „X“, „Faceebook“ односно „META“, „LinkedIN“, „Instagram“ и други); социјални медиуми за соработка („Delicious“, „Google reader“ како социјални обележувачи или „Digg“, „Reddit, како социјални весници); мултимедијални социјални медиуми („Flickr“ како социјален сајт за размена на фотографии, „YouTube“ за видеоматеријали и други). Всушност, социјалните медиуми се користат во зависност од возраста. Младите сега најчесто се на „Тик ток“, на „Инстаграм“, а средната генерација сè уште повеќе го користи „Facebook“, медиум кој се смета за најпопуларната социјална мрежа во светот. Потоа се „WhatsApp“, „Telegram“, „Facebook messenger“, „WeChat“ и „QQ“, кои се помалку познати. Социјалните мрежи последниве години се наметнаа како многу моќни и влијателни медиуми за општествен дијалог и масовна комуникација.

м-р Каролина Мицевска



# Денот „Д“

# 80 години од истоварувањето на Нормандија

Денот „Д“ - 6 јуни 1944 г., е ден што се слави и после осум децении како почеток на ослободувањето на Европа, ден кога сојузничките војници се истовариле на плажите на Нормандија, денот кога започнал крајот  на Хитлеровата Германија

**Почеток на операцијата „Крвава Омаха“**

Некаде после полноќ, на 6 јуни 1944 г., повеќе од 18.000 сојузнички падобранци се спуштиле на германска територија за да го деминираат теренот и да овозможат тактичка поддршка на пешадијата, која требало да се истовари на плажата во раните утрински часови. Во ноќната акција на гранатирање на непријателските позиции учествувале околу 2000 авиони-бомбардери, со цел да се уништат сите цели кои на Германците подоцна би им помогнале при одбивање на копнениот напад, а со тоа на своите соборци максимално би им ја олесниле задачата. Во раните утрински часови, пред 7 часот, 160.000 сојузнички војници кои биле натоварени во 7.000 десантни чамци и бродови, почнале да пристигнуваат на пет специјално избрани нормандиски плажи кои биле познати по нивните кодни имиња – „Џуно“, „Сворд“, „Голд“, „Омаха“ и „Јута“. Британските и канадските трупи, со релативно мали загуби, успеале да го скршат непријателскиот отпор на плажите „Џуно“ (задача на канадските трупи) и на плажите „Сворд“ и „Голд“ (задача на Британците), додека американските трупи немале посериозни потешкотии на плажата „Јута“. И покрај тоа што овие плажи биле преполни со мини и жичани огради, сојузничките трупи, во споредба со освојување на Омаха, релативно брзо воспоставила каква-таква контрола. Само за споредба, Британците на плажата „Сворд“, уште во првиот бран успеале да истоварат дваесетина тенкови кои многу им помогнале во подоцнежниот продор во внатрешноста на територијата, додека за „Голд“ им помогнале огромните воени крузери кои уништиле неколку германски бункери. Канаѓаните и Американците, на  плажите „Јута“ и „Џуно“, исто така, успеале без поголеми проблеми да се пробијат до окупаторските утврдувања, каде огромна улога одиграла инжинеријата која ги отстранувала  замките и на тој начин на своите оклопни возила и на пешадијата им го трасирала патот.
Во текот на истоварувањето на Нормандија, се случила и најкрвавата битка на плажата „Омаха“, поради што и денес, 80 години подоцна, при секое споменување на денот „Д“, најчесто се помислува токму на оваа битка. Освојувањето на плажата „Омаха“ е самото срце на сојузничкиот план. Истоварувањето на „Омаха“ било така замислено, што првите јуришни бранови кои биле составени од тенковски и

пешадиски единици требале да го подготват теренот за десантните бродови кои превезувале многу повеќе војници и оклопни возила, но поради силните ветрови, поголемиот дел од нив ги промашиле целните одредишта. Исто така, поголем дел од американските тенкови требало да асистираат во продорот на првиот пешадиски бран, но истите се потопиле во подивените води на Ламанш. Во комбинација со неочекувано силната германска одбрана, овие два фактори придонеле иницијалниот план за освојувањето на „Омаха“, како стратешки најважна плажа, да не успее. Американските војници со полна воена опрема, во комбинација со јаките струи и разбеснетите бранови, претставувале лесна цел за околу 2.000 Германци кои биле распоредени по бункерите и утврдувањата кои се наоѓале на стрмните карпи на карпестиот ѕид кој се воздигнувал над плажата. Пешадијата имала огромни потешкотии на почетокот, при утврдување на положбата, поради недостаток од заштита, што во крајна линија се одразило лошо на мисијата на инжинерците кои требало да го деминираат подрачјето и да го оспособат да биде проодно. Но, заради претрпените огромни загуби и работа под непрекинат оган, инжинериските тимови успеале да расчистат шест „чепови”, со што успеале на пешадијците да им го отворат патот до возвишувањето каде што се наоѓале германските бункери.

Вториот сојузнички бран, кој ја заплиснал плажата „Омаха“ после половина час од првиот бран, се соочил со слична судбина, но овојпат неколку американски ренџерски единици успеале да се пробијат до подножјето Поинт ду Ноа, гребенот на кој се наоѓало најголемото германско утврдување кое неопходно требало да се освои. Силните ветрови не им помагале многу во замислената стратешка концепција на нападот, така што тенковите и оклопните џипови и понатаму завршувале во утробата на морето, додека моралот на американските војници драстично почнал да се намалува поради стравот од смртта. Требало да изминат околу три и пол часа од почетокот на истоварувањето за мал дел од војниците од првите баталјони да успеат да се пробијат преку плажата, формирајќи мала група од околу 200 луѓе. Ситуацијата во одредени моменти делувала толку лошо, што американските воени старешини во неколку наврати биле на чекор од издавање на наредба за пренасочување на трупите од „Омаха“ на соседната плажа „Јута“. Генералот Омар Бредли на крајот сфатил дека освојувањето на Нормандија ќе оди тешко без да се освои „Омаха“ и дека Германците неминовно ќе мора да потклекнат пред континуираните налети на американските сили. Меѓутоа, и покрај тоа што американските трупи на неколку места успеале да дојдат до ѕидините, примарните цели сè уште не биле биле остварени. Инженерците и понатаму се измачувале со расчистувањето на плажата и воспоставување на коридор, со чија помош тенковите и останатите оклопни возила би можеле на навлезат подлабоко во непријателската територија, а релативна контрола над „Омаха“ сојузниците воспоставиле попладнето, кога Германците поради истрошената муниција постепено се повлекувале од своите позиции. Значајно напредување во офанзивата се случило околку пладне, кога се приклучиле и сојузничките разорувачи во битката за „Омаха“. Разорувачите допловиле до самиот брег, при што од непосредна близина ги гранатирале утврдувањата, а со тоа им ги уништиле топовите, митралезите и минофрлачите и им овозможиле на пешадиските единици дополнително да пријдат на гребенот. Германците станувале се помалубројни, биле групирани во помали чети, но и понатаму, бидејќи ја познавале конфигурацијата на теренот, уште долго време им оддолевале на американските налети. Со обединети напори на разорувачите и пешадијците, воените инжинерци до крајот на денот успеале да отворат 13 колосеци за движење на тенковите и на останатите оклопни возила но, и покрај тоа, иницијал„ните замисли и цели за истоварување на „Омаха“ не биле постигнати. На денот Д“, од предвидените 2.400 тони тешко вооружување, американската војска успеала да пренесе само 100 тони, а самото продирање во внатрешноста на германската територија не било ни одблиску од планираното.

Првобитните планови за истоварување на Нормандија биле на 6 јуни да се заземат и да се поврзат на линија на фронтот четирите плажи (освен најзападната и најоддалечената плажа, „Јута“), но и да се преземе контрола над Карентан, Сен Лоом, Каен и Бајео. Но, за жал, ниедна од зацртаните цели тој ден не била постигната. Меѓутоа, со утврдувањето на позициите на плажите на Нормандија во наредните неколку денови, сојузниците создале одлична платформа за понатамошна офанзива на Франција и за потиснување на германските трупи кон внатрешноста. Денот „Д“ навистина претставувал почеток на крајот на владеењето на Хитлер на стариот континент и пресвртница за Втората светска војна.На 11 јуни 1944 г., сојузниците воспоставиле целосна контрола над плажите на Нормандија, истоварајќи повеќе од 320.000 војници, повеќе од 50.000 возила и околу 100.000 тони воена опрема. Наспроти нив, германскиот воен врв го зафатила длабока криза, а Хитлеровите генерали задолжени за одбрана на Нормандија, во отсуство на Ервин Ромел, не успеале да пронајдат соодветен одговор на сè поинтензивните непријателски напади. Сојузниците, до крајот на јуни го зазеле и пристаништето „Шербур“, на кое преку Ламанш уште се превезувале луѓе и оклопни возила за покренување на финалната офанзива, со крајна цел - целосно ослободување на Франција. На почетокот на август била извојувана победа, после мошне тешки два месеци битка за Каен. Операцијата „Overlord” резултираше со триумфално ослободување на Париз на 25 август 1944 г., а нацистичка Германија, после овој пораз, не успеа повторно да се издигне.

м-р Зоран Василески





# Влијанието на вселената врз воената стратегија и доктрина

Трката за вселената, која започна во минатиот век, имаше големо влијание врз воената доктрина и стратегија на големите сили, обликувајќи ја динамиката на Студената војна помеѓу САД и СССР. Оваа ера беше сведок на невиден напредок во вселенската технологија и истражувањето, првенствено поттикнато од политички и воени мотиви

Влијанието на освојувањето на вселената врз воената стратегија и доктрина може да се препозне низ неколку клучни аспекти: 1.Технолошки напредок и стратегиско извидување. Трката за доминација во вселената го забрза развојот на сателитската технологија, која доведе до револуција во воените извидувачки способности. Истовремено, и САД и СССР лансираа голем број сателити кои беа наменети да собираат разузнавачки информации за меѓусебните воени активности, нуклеарни способности и глобални раздвижувања. Сателитите обезбедија дотогаш невидена предност за стратегиско извидување, овозможувајќи воведување на системи за следење и рано предупредување во реално време, кои значително ги подобрија процесите на донесување одлуки. 2. Ракетна технологија и стратегиско одвраќање. Развојот на интерконтинентални балистички ракети и платформи за лансирање во вселената ја трансформираше доктрината за стратегиско одвраќање која дотогаш се потпираше на стратегиските бомбардери. И двете суперсили инвестираа многу во ракетна технологија за да ја покажат својата способност да испорачуваат нуклеарни боеви глави на големи далечини. Идејата за поставување на ракетни способности во вселената ги обликуваше воените стратегии од Студената војна, фокусирани на доктрината на одвраќање. Со градење на огромни способности за одмазда, се дојде до концептот наречен „сигурно заемно уништување“ т.е. во случај на нуклеарна размена не би можело да има сигурен победник. 3.Комуникациски и командни системи. За време на трката во вселената се појавија сателитските комуникации како критична компонента на воените командни и контролни системи. Вселенските комуникациски сателити овозможија сигурни глобални комуникациски мрежи за воени операции, овозможувајќи им на командантите да одржуваат постојан



контакт со распоредените сили и да ги координираат стратегиските маневри на огромни растојанија. Оваа способност ја подобри оперативната флексибилност и одговорност, намалувајќи ја зависноста од ранливите копнени комуникациски инфраструктури. 4.Просторот како граница. Вселената се воспостави како нова граница за воени операции и стратегиски натпревар. Способноста за распоредување и маневрирање со сателити во орбитата стана суштинска за одржување на воената супериорност и глобално влијание. Воените доктрини еволуираа за да ги интегрираат вселенските средства во пошироки одбранбени стратегии, со акцент на заштита на средствата во вселената и развој на противвселенски способности за парирање на противниците да ја користат во иста мера.5.Меѓународна конкуренција и контрола на оружјето. Со освојување на вселената се засилија и меѓународната конкуренција и геополитичките ривалства, што доведе до напори за регулирање на вселенските активности преку договори за контрола на вооружувањето. Со договорот за вселената од 1967 година, потпишан од САД, СССР и други држави, се забрани распоредување на нуклеарно оружје во вселената и се воспостави принципи за мирно користење на вселената. Сепак, држејќи се во правните рамки, воените доктрини продолжија да се развиваат со акцент на користење на вселенските средства за постигнување на стратегиска предност. 6.Наследство и континуирано влијание. Наследството од периодот на Студената војна продолжува да влијае на воените доктрини и стратегии во модерната ера. Државите продолжуваат да инвестираат во вселенски способности за собирање разузнавачки информации, надзор, извидување, навигација и комуникација. Просторот станува сè повеќе пренатрупан, а и оспоруван, предизвикувајќи меѓународна свест за состојбите во орбита, управувањето со отпадот и наоѓање начин за заштита на критичните средства.



Научените лекции и способностите развиени во овој период продолжуваат да ги обликуваат воените операции и стратегии за национална безбедност на државите, истакнувајќи го трајното наследство на вселенската трка во обликувањето на глобалната безбедносна динамика. Денес има нова трка за вселената, која се карактеризира со зголемена конкуренција меѓу државите и приватните субјекти за унапредување на вселенските способности, има свое влијание врз воената стратегија и современата доктрина. Со дефинирање на вселената како едно од стратегиските војувалишта се интензивира и нејзината милитаризација. Повеќе држави ја препознаа нејзината критична улога во модерното војување бидејќи средствата кои зависат од безбедно присуство во орбитата на Земјата, како што се сателитите за комуникација, извидување и навигација, се составен дел на денешните воените операции. Воената стратегија денес се развива да вклучи обезбедување и одбрана на средствата во орбита, како и развој на офанзивни способности за да се нарушат или оневозможат вселенските способности на противниците.
Трката за вселената никогаш не престанала, но во последните децении поради технолошкиот напредок се повеќе оди во корист на засилување на воените способности. Иновациите во сателитската технологија, вселенскиот надзор и комуникациските системи ја подобруваат воената ефикасност и глобалниот досег. Војските кои располагаат со побогат буџет инвестираат во вселенски технологии за собирање на разузнавачки информации, ракетна одбрана и користење на прецизно наведувано оружје. Ова драстично го трансформира начинот на планирање и извршување на операции. Поседувањето на вселенски способности придонесува за капацитетите на стратегиското одвраќање преку подобрување на системите за рано предупредување, набљудување и воопшто непрекинати глобални комуникациски мрежи. Државите со напредни вселенски способности можат да проектираат моќ на глобално ниво, што влијае на стратегиите за одвраќање и геополитичката динамика.Трката за вселената отсекогаш имала влијание и врз меѓународните односи и сојузи меѓу државите, при што државите формираат партнерства за да ги подобрат вселенските способности и соработката во истражувањето на вселената. Оваа соработка може да ги зајакне воените сојузи, да ја поттикнат интероперабилноста и да обезбедат взаемни одбранбени придобивки преку

заеднички средства и технологии базирани на градење на капацитети за доминација во орбита. Владите развиваат политики и задаваат рамки за регулирање на вселенските активности, но и решавање на безбедносните предизвици како што е спречување на ширење на вселенско вооружување. Постојат меѓународни договори кои ги обликуваат воените доктрини преку промовирање мирољубиви употреби на вселената, со цел да се спречи трката во вооружување да се одвива и во вселената. Најмоќните држави веќе имаат формирано сили кои се целосно посветени на вселената како војувалиште. Нивен приоритет се т.н. вселенски операции, со мисија да ги заштитат сопствените средства во орбитata и да ги интегрираат нивните вселенски способности во рамки на воената стратегија и доктрина. Вселенските сили развиваат посебни доктрини и обуки за да ги оптимизираат операциите за кои е неопходно користење на вселената и да одговорат на новите закани во вселенскиот домен. Денес е во тек нова трка за вселената која длабоко влијае на воената стратегија и доктрина преку издигнување на вселената како критична за глобалната безбедност. Со неа се поттикнува и технолошкиот напредок, се зајакнува стратегиското одвраќање, се обликуваат меѓународните односи и партнерства и се влијае врз меѓународната политичка сцена. Покрај државите, и приватните субјекти продолжуваат со иновации и натпревар во вселената, а нивните дејствија сè повеќе ќе ги синхронизираат способностите засновани на доминација во орбита заради одржување на конкурентските предности и заштита на националните интереси. Изгледите за проширување на човечкото присуство во вселената покренува интригантни прашања за иднината на војувањето и глобалната безбедност. Додека истражувањето и освојувањето на вселената претставуваат можности за научен напредок, искористување на ресурси и економски развој тие, исто така, поттикнуваат  и сложени размислувања во врска со можните конфликти и воени активности надвор од Земјата. Како што државите и приватните субјекти сè повеќе ги истражуваат ресурсите во вселената, се поставуваат прашања за потенцијално влијание врз меѓународните односи и безбедносната динамика на Земјата. Вселената нуди пристап до потенцијално вредни ресурси како што се ретки минерали, извори на енергија (како соларна енергија) и стратегиски локации (како бази на месечината или платформи во орбита). Конкуренцијата околу овие ресурси може да ги ескалира тензиите и да доведе до геополитички ривалства слични на оние на Земјата.Напредните вселенски способности, како што се сателитските мрежи за комуникација и извидување, се клучни за современите воени операции. Контролата над средствата во орбитата може да обезбеди значителна стратегиска предност, што значи дека технолошката супериорност начително би влијаела на воената доктрини и способности на државите. Проширувањето во вселената воведува и нови предизвици, вклучително и потенцијал за можни вселенски конфликти или закани за инфраструктурата во орбитата. Како дополнителна безбедносна парадигма се јавува и загриженоста околу вселенскиот отпад, антисателитското оружје и милитаризација на орбитата. Иако проширувањето во вселената може да поттикне соработка и мирољубиви заеднички напори, најверојатно ќе влијае револуционерно врз природата на војувањето и решавањето на конфликтите. Државите ќе мора да развијат способности да ги бранат средствата во вселената и да ги одвратат противниците од непријателски дејства. Со оглед на тоа што поседувањето средства во орбитата е многу скапо, ќе доминира концептот на одвраќање. Ова може да вклучи системи за рано предупредување и набљудување и активни мерки за заштита на инфраструктурата во орбита. Меѓународните правила и договори најверојатно ќе еволуираат за да се однесуваат и на активностите во вселената, со цел да се регулира нејзината воена употреба. Напорите за воспоставување правила на однесување, спречување да се лансира вооружување во орбитата и транспарентност на операциите во вселената, ќе станат клучни за одржување на глобалната стабилност и мирот. Проширувањето во вселената може да ја преобликува глобалната безбедносна динамика со менување на традиционалните сојузи, стратегиски приоритети и воените доктрини. Државите може да им дадат приоритет на инвестициите во вселенските капацитети како дел од пошироките стратегии за национална безбедност. Меѓународната соработка и дипломатијата ќе бидат од суштинско значење за управувањето со вселенските активности и за соработка за решавање на безбедносните проблеми. Нациите кои се присутни во вселената можеби ќе треба да преговараат за да спречат конфликти и да промовираат мирно користење на вселената. Етичката димензија на државите во вселената, исто така поттикнува прашања. Активностите во вселената може да имаат еколошки последици како, на пример, отпадот од стари сателити. Иако проширувањето во вселената ветува можности за научни откритија и технолошки напредок, исто така тоа покренува значителни импликации за глобалната безбедност и војување. Еволуцијата на воените доктрини, развојот на вселенските способности и воспоставувањето на меѓународни норми ќе играат клучна улога во обликувањето на идниот пејзаж на конфликти и соработка во вселената. Бидејќи човештвото сè повеќе се залага за освојување на вселената, промисленото управување, етичкото раководење и меѓународната соработка ќе бидат од суштинско значење за проширувањето во вселената и за постигнување мирна и одржлива иднина на Земјата.



Ѓорѓи Вељовски




# Војувалиште – поле на преживување на војниците (1)

## Како да преживеете на бојното поле

Воената професија подразбира употреба на војници и воени единици за изведување на борбени интервенции и воени операции, каде што боиштето, од воен аспект, претставува пресметана и прифатлива просторна средина за ангажирање на воените сили

Според меѓународното право војната се дефинира како „збир на принудни мерки со кои секоја завојувана страна се обидува да го потчини противникот под својата волја, или се прикажува како судир на вооружени сили меѓу држави, со цел една да совлада друга и како победник да наметне услови за мир“. Во време на војна, кога поради цивилизациски недоразбирања доаѓа до губење на огромен број човечки животи, раселување на луѓето, уништување на домови, уништување на патна инфраструктура, на културни и индустриски објекти, уништување на житарици и на прехранбената индустрија, разурнување на цели економски и стопански системи, загадување на животната средина, целосно опустошување на шумското богатство, се создава средина со исклучително тешки услови за живеење и преживување. Воените дејства се изведуваат на простор наречен војувалиште, простор кој симболично го претставува „театарот на војната“. Војувалиште претставува простор на кој страните во судир подготвуваат и изведуваат воени операции со ангажирање на вооружени сили, односно простор на кој се одвиваат непријателствата. Во рамките на војувалиштето, помалите просторни делови се нарекуваат боиште или борбени зони. Боиштето е потесен дел на војувалиштето каде што се изведуваат воени операции, додека зоните во кои се изведуваат воените операции се нарекуваат подрачје на операции, а борбените зони го претставуваат потесниот простор на боиштето на кој се изведуваат тактичките борбени дејства. Основна цел на секој војник е да остане жив, односно да преживее на боиштето, за да продолжи да војува против непријателот, додека основна задача на секој лидер е да сочува што повеќе војнички животи за да се одржи потребната бројност на војници за постоењето и функционирањето на воените единици. Војниците, низ процесот на индивидуална воена обука и воспитување, учат, се развиваат и се стекнуваат со одредени индивидуални војнички вештини и способности, кои преку колективната

обука треба меѓусебно да се усогласат и да го обезбедат функционирањето и делувањето на војниците во одредена група како формација или единица. Успешното дејствување на една борбена формација зависи од обученоста и од логистичката снабденост на војниците и на единиците со потребните ресурси кои, пак, го поддржуваат понатамошното изведување на борбените дејства и војувањето. Разликата во однесувањето на луѓето (војниците) во состојба на војна, за разлика од состојбите на останатите природни катастрофи е во тоа што во состојба на војна луѓето, поради присуството на непријателот, го прикриваат своето присуство и го ограничуваат сопственото движење, а со тоа се ограничува и барањето на каква било помош за да се избегне непријателот и непријателските дејства. Логистичкото снабдување кај единиците кои се распоредени на предниот крај на линиите на осигурување и кои се во опкружување или, пак, уфрлени во непријателска територија, каде што функционалноста на единиците е тесно поврзана со рационалното трошење на ресурсите (храна, вода, муниција итн.), кои војниците ги носат со себе во нивниот личен борбен товар, може да биде отежнато или прекинато. Војниците, нивните лични ресурси ги трошат според принципот на три третини, каде што првите две третини од кој било ресурс, војникот ги троши самоиницијативно, според лична процена, додека за последната третина го известуваат командирот којшто одлучува, дава насоки и менаџира со начинот на трошење на ресурсите според сознанијата за можностите за логистичко обезбедување, постоење на стационарни и мобилни логистички станици за снабдување, како и според можностите за доставување (дотур) од копно и од воздух, бидејќи војниците и единиците во ниеден случај не смееат да останат на терен со целосно потрошени ресурси. Во случај да има потреба војниците да се задржат на терен подолго време од превиденото, кога две третини од еден ресурс се веќе потрошени, командирот треба да нареди да се премине кон алтернативни начини на снабдување, односно користење на сите расположиви ресурси што можат да се искористат од природата или, пак, од непријателските војници, со цел преживување и одржување на борбената готовност на сопствените сили.

Преживувањето претставува **психолошко** (волја и намера) и **физичко** (издржливост и кондиција) **ангажирање** на војниците за справување со одредени фактори на ризик во животозагрозувачки ситуации, добивање помош или надминување на опасноста. Преживувањето на војниците на бојното поле се состои од компоненти, хиерархиски подредени на потребите кои се во меѓусебна линиска спрега. Овие компоненти се состојат од: психологија на преживување, планирање и опрема, радиофреквенција и сигнализација, навигација и движење, давање прва помош и самопомош, засолниште, оган, вода и храна. Англискиот збор за преживување „survival", воедно се користи и како акроним кој го има следново значење: **S** – свесност да се увиди ситуацијата и состојбата на теренот; **U** – употреби ги своите сетила; **R** – запомни ја локацијата каде што се наоѓаш, ориентирај се; **V** – владеј со себеси и совладувај го стравот; **I** – импровизирање, да се искористи сето она што го овозможува околината; **V** – вреднувај и цени го животот, одржувај го моралот и борбениот дух; **A** – адаптирај се на околината, однесувај се како локалното население; **L** – научи ги потребните вештини.



**Психологија на преживување**

Во „*FM.3-05-70, Survival*" се наведува круцијалното значењето на менталниот став на индивидуата како клучен фактор за преживување во дадена ситуација. Независно од тоа дали војникот има развиено вештини за преживување, од суштинско значење е да се поседува волја за преживување, којашто е основниот двигател. Војниците се обучуваат и се воспитуваат во духот на тимско работење, додека нивното ангажирање секогаш се изведува во рамките на некоја група или единица, каде што работењето и делувањето во рамките на една група влева сигурност кај секој поединец/припадник, како дел од една група, дека не е сам и оти може да очекува помош од другите војници при справување со критичните и стресните ситуации на боиштето. Стресните ситуации делуваат особено негативно кај оние војници кои ќе се најдат сами на боиштето, без разлика





дали се одвоени и изолирани од нивните формации или се изгубени, заборавени, повредени или ранети на бојното поле, оставени сами на себе да се снаоѓаат и да се борат за сопствениот живот, преживувајќи од ден за ден, од час во час. Војниците мора да бидат обучени и истренирани да ги разберат и да ги контролираат психолошките реакции на стресот во услови на преживување на бојното поле. Стресот не е болест која бара лекување, туку состојба на негативни доживувања и искуства и реакција на поединецот на одреден вид притисок. Стресот е физичка, ментална, емоционална или духовна реакција на одредена животна тензија. Војникот, кој се бори за опстанок на бојното поле, е лице коешто управува со сопствениот личен стрес, наместо стресот да управува со него. Секој критичен настан не предизвикува стрес. Појавата на стресни фактори, т.н. „стресори“, настанува како резултат на препознавање на одредена опасност која го активира нагонот за преживување познат како ,,бори се или бегај“. Потребно е да се има познавање на кумулативното дејство на стресните фактори, каде што еден стресен фактор не завршува, туку предизвикува друг стресен фактор во една верижна реакција која на почетокот доведува до вознемиреност, за на крај да резултира со исцрпеност и колапс на организмот. Најчести стресни фактори на кои може да наиде војникот на бојното поле се: повреда, болест или смрт, несигурност и недостаток на контрола, негативни услови во животната средина, глад и жед, замор, изолација и осаменост. Негативните влијанија на стресот кај војниците најчесто предизвикуваат промени во однесувањето, проследени со изливи на ароганција и агресија, проблеми во комуникацијата и соработката со останатите војници, проследени со неразбирање и нетолерантност, постојана загриженост, недостиг на енергија, незаинтересираност и заборавеност, тешкотии при донесувањето одлуки и склоност кон грешки, избегнување на одговорности, непризнавање на грешките, негрижа, повлекување и осамување, мисли за бегство и дезертирање, мисли за смртта и за самоубиство. Лидерите мора да знаат како да менаџираат со нивните војници во услови на критични и стресни ситуации, бидејќи она што е стресно за една личност не мора да биде стресно и за друга личност. Правилниот тренинг за време на обуката треба да влијае на зголемување на менталната и физичката кондиција кај војниците, да ја зајакне нивната самодоверба и да овозможи градење на перцепција и погледи кон животот кои се својствени за војничката професија. Постојат и физички реакции на стресот (треперење, потење, гадење, дијареа, често мокрење, забрзано отчукување на срцето, анксиозност и стомачни болки) и бихевиорални реакции, познати како реакции на однесување на стресот (војникот не сака да се движи или да зборува, има тап израз на лицето, индивидуални испади во однесувањето со склоност кон кавги и конфликти, нерасположение, намален апетит, апатија, несоници и агресија). Лидерите мора да стекнат целосна доверба кај војниците, нивната компетентност во никој случај не смее да биде дискутабилна. Појавата на одредено стресно реагирање кај поединци мора навремено да се превенира, пред да стане негативна појава во групата. Односот кон ваквите војници мора да биде пријателски, а пристапот кон војниците во ниеден случај не смее да опфаќа третман како кон некој што е болен, туку како кон некој што е исцрпен, изнемоштен или изморен, преземајќи мерки војникот да се смири, да се покаже разбирање кон него, да му се посвети внимание и позитивна комуникација, да му се обезбеди храна и доволно течности, да се обезбеди соодветен одмор, да му се доделат полесни задолженија и да му се стави до знаење дека е дел од групата и дека е сосем нормално да биде исплашен, но и да се укаже дека функционалноста на групата зависи од функционалноста на нејзините поединци.

Во книгата „*The green beret-survival guide*“, се спомнува поимот ,,Warrior mindset“, како ментална подготовка која преку тренинг треба да развие ситуациска свест за опкружувањето, разбирање на реалноста на заканите, на промените во околината кои настануваат од делувањето на поединецот и разбирање на потребата од соочување со предизвиците.



Виктор Крстевски



# Поделба на приватните безбедносни актери (1)

Во најширока смисла, актери кои спаѓаат во приватниот сектор на безбедност го сочинуваат различен спектар на луѓе, организации и активности. Некои од нив се мошне значајни и легитимни, додека, пак, некои, се нелегитимни и спаѓаат во таканаречената „сива зона на безбедност“.

За приватни безбедносни актери можеме да ги сметаме платениците, доброволците, странските службеници кои се етаблирани во националните армии, повеќе видови на приватни армии и полиции, „господари на војната“, компании кои се занимаваат со индустрија на одбраната, приватните агенции за безбедност, приватните воени компании и многу други актери. Во првиот дел од овој текст ќе се фокусираме на платениците, а во понатамошните делови и на останатите приватни актери, односно на приватните воени компании и на приватните безбедносни компании.

**Платеници**

Еден од најстарите записи за платеници датира од 13 век пр.н.е. кога египетскиот фараон Рамзес Втори ги најмил Нубијците, Либијците, Сиријците и Шерданците од Сардинија да бидат дел од египетските борбени формации како посебни странски единици. Дури и Библијата вклучува неколку примери за употреба на платеници. Така, Стариот завет, Книгата на егзодусот, вели дека кога фараонот ги прогонувал децата на Израел од Египет, неговата армија што имала единици составени од платеници била совладана од водите на Црвеното Море, но и раното Римско Царство се истакнувало по неговата граѓанска армија која, исто така, била мошне зависна од платеници. Помеѓу 14 и 18 век, понесени од социјалната револуција, а особено со крајот на феудализмот, системите за безбедност сè повеќе растат, а „војната станува најголема индустрија во Европа. Во овој период се познати религиозната Триесетгодишна војна во Вестфалија (1618 – 1648 година) , исто така, главно ја воделе платеници. Во 18 век речиси секоја моќна европска армија имала елементи од најмени странски војници. Единствена земја која била исклучок во Европа и која никогаш не употребувала платеници е Швајцарија. Од друга страна, многу добро е позната Швајцарската гарда,



единица која во својот состав има исклучиво Швајцарци и од 16 век е во служба на Ватикан, односно во служба на папата. Француската армија пред Револуцијата била речиси една третина германска. Во руската Балтичка флота, речиси 80% од офицерите биле Руси. Пруската армија во својот состав имала огромен број странски платеници, што се движел од една до две третини. Британската Империја, во прицип, се потпирала на професионална армија од доброволци, но кога имала интерес и потреба, никогаш не се колебала да најми платени војници. Ова е случајот и со Американската војна за независност, кога Британците, по неуспешниот обид да добијат сили од Русија и



од Холандија, склучиле договор со Германците, при што добиле околу 30.000 војници. Ангажирањето на платениците продолжило и во 19 и во 20 век, односно тие ги нуделе своите услуги и биле посветени на создавање профит, но се бореле и за да ја докажат својата „спорна“ надмоќ.
Од денешна перспектива, платениците се личности-авантуристи коишто немаат поширока поддршка, но се инспирирани од барањето возбуда, како и пари во проблематичните места. Тоа се лица што работат надвор од државниот систем и се појавуваат таму каде што има распаѓање на внатрешниот ред, а се појавуваат како инстант воена сила со „сомнителна“ стручност. Сензационалистички, сликата за овие платеници е дека тие се смели, опасни и дестабилизирачки елемент, но платениците немаат вештини, капитал, воспоставени методи и не се способни да извршуваат комплексни мултисекторски операции како што се во состојба приватните воени компании.
Во литературата постојат бројни дефиниции за тоа што е платеник. Оксфордскиот лексикон на војската на САД го дефинира зборот „платеник“ како „професионален војник, најмен да служи во странска војска“. Натан ги дефинира платениците како „војници ангажирани од страна на странска влада или бунтовничко движење, со цел да придонесат во вооружен конфликт – без разлика дали директно со ангажирање или индиректно преку обука, логистика, разузнавање или советодавни услуги – пред орган на владата и одбранбените сили на својата земја. Според Женевската конвенција, платеник е секое лице што:

- специјално е вработено локално или во странство, со цел да се бори во вооружен конфликт;
- зема директно учество во непријателствата;
- лице коешто е мотивирано да учествува во непријателства, во суштина поттикнато од желбата за приватна и материјална добивка;
- не е државјанин ниту на земјата инволвирана во конфликтот, ниту резидент на територијата контролирана од страна на земјата којашто е инволвирана во конфликтот;
- не е припадник на вооружените сили и не е на ниту една страна во конфликтот;
- не е испратен од страна на државата што не е инволвирана во конфликтот.

Најновата дефиниција говори дека: „Платениците се поединци кои се борат за финансиска добивка во странски војни; тие се првенствено искористени од страна на вооружени групи и повремено од влади“. Понекогаш тоа се ветерани од завршени конфликти или одметници кои бараaат каков било нов вооружен конфликт, со цел да продолжат со бруталности и со воени дејства. Организацијата на ОН ги следи активностите на платениците уште од времето на војните за деколонизација во Африка. Во 1989 година Генералното собрание на ОН на 72. пленарна седница ја донесе Резолуцијата 44/34, Меѓународна конвенција со која се забранува регрутирање, употреба, финансирање и обука на платеници. Конвенцијата стапи во сила во 2001 година. Напорите на ОН да се регулира активноста на приватната воена и безбедносна индустрија сè уште траат, дел поради фактот дека регулативите во одреден степен се неадекватни, и дел поради фактот дека државите што најмногу ги користат нивните услуги, како САД, Франција и Велика Британија, ја немаат ратификувано оваа конвенција. Понатаму, постои колизија помеѓу ставовите на Работната група за употреба на платеници, која е силно критички настроена кон контрактори и зголемената потреба на ОН од ПВБК во своите мисии во странство, особено во зоните на конфликт.
Во земјите како што се, на пример, Авганистан и Сомалија, ОН сметаат дека не е доволно тие да се потпираат само на локалните полициски сили, па, оттука, прибегнуваат кон најмување приватни службеници за заштита на нивниот персонал и објекти.
Овој тренд, евентуално, може да ја доведе во прашање неутралноста на операциите на ОН.

м-р Ксенија Митева



# Справување со психолошката траума од повеќедецениската криза во Авганистан

Светот со скршено срце и ужас гледа како во Авганистан жените исчезнуваат од јавната сфера. А сето ова се случува во период кога Талибанците наметнуваат сè построги регулативи за нивното образование, вработување, слободно време и движење, со образложение дека тоа е одговор према жените кои правилно не носат хиџаб

Долгогодишните санкции насочени кон талибанските поединци и претпријатија ја изолираат и ѝ нанесуваат штета на целата земја. На пример, исчезната е речиси една третина од БДП на Авганистан од времето на републиката. Тоа е една неубава ситуација во која дури и хуманитарните одредби се сериозно нарушени, поради што и ОН го прогласија Авганистан за најголема хуманитарна криза во светот, со 28,3 милиони луѓе на кои им е потребна итна помош. Оттука, се поставува прашањето: Како се снаоѓаат сè повеќе осиромашените и гладни Авганистанци? Изгледа неверојатно, но и покрај опасностите, некои од нив се справуваат со состојбата. Сепак, колку и ова да восхитува, нивната издржливост останува на тоа ниво, а реалноста покажува дека многу Авганистанци се заминати од државата, односно над 5,6 милиони, или неверојатни 13 отсто од населението, со што Авганистан е трет по големина извор на бегалци (после Сирија и Украина).
Во странство, Авганистанците се познати претприемнички кои не сакаат ништо повеќе од едноставен и безбеден живот. Но, животот во егзил не е кревет послан со рози. Лицата кои бегаат од својата земја преземаат неверојатни ризици само за да бидат заробени во бирократските мочуришта или да претрпат одредени животни удари. А, преземањето шанси во еден секојдневен и бесчувствителен свет бара и сила и средства. Во однос на родовиот состав повеќето принудени авганистански мигранти се мажи. Жените се оставени во својата земја – оптоварени со деца, семејни обврски, социјални традиции и обична принуда. Нивната невозможна ситуација излезе на површината кога студентките беа спречени да земат стипендии на универзитетите во ОАЕ. Исто така, жените кои се останати во Авганистан постои веројатност дека повеќе ќе бидат

жртви на насилство отколку нивните сестри кои заминале во други земји. Така, на пример, според податоците на ОН, осум од 10 авганистански жени биле жртви на сексуално, на физичко или на психичко насилство, а најистакнати примери се присилните бракови и семејното насилство. Иако според СЗО процентот на самоубиства на глобално ниво е за два пати повисок кај мажите отколку кај жените, Авганистан подолго време е единственото место во светот каде стапката на самоубиства кај жените е повисока отколку кај мажите, и тоа уште пред да дојдат Талибанците на власт. Се смета дека дури 80 отсто од обидите за самоубиство во земјата се од жени, а најверојатно и родовата војна против жените се смета за војна од страна на самите жени. Мукеш Капила, професор по Глобално здравје и хуманитарни прашања на Универзитетот „Манчестер“, се сеќава дека највознемирувачкиот дел од неговата претходна работа како болнички лекар во Британија е хоспитализирање на лица кои се обидувале да се самоубијат. Тој забележал дека од околу 300 случаи кои го вознемириле во период од шест месеци, три завршиле со смрт за време на неговата смена, додека 25 лица не биле спасени на време за да бидат донесени во болница. Тоа е и во согласност со глобалните бројки дека девет од 10 обиди за самоубиство не завршуваат со смрт. Можно е тие лица да барале и помош. Но, колку од тие барања се слушаат во Авганистан? Не знаеме со сигурност, и тоа не само поради системите за податоци на уништената земја туку, бидејќи, самоубиството е забрането во исламот и во другите религии. Професорот Капила вели дека дури и во неговото пошироко семејство во Индија, постарите се срамат да зборуваат за роднината што се самоубил пред неколку години. Исто така, дополнителните заблуди и стигмата вршат притисок врз медицинските лица да избегнуваат да даваат потврда за смрт од самоубиство и да ги поштедат семејствата од дополнителна неволја. Воедно, треба да се земат предвид и правните импликации како, на пример, за исплата на осигурување, наследство или дури и наметнати полициски истраги. Затоа, и на глобално ниво самоубиствата понекогаш и не се пријавуваат. Сепак, оваа појава покажува стабилен или бавен опаѓачки тренд последниве две децении. Но, тоа не е така и во Авганистан, каде што неодамнешните болнички истражувања укажуваат на голема стапка на пораст кај случаи на самоубиства кај жените. Сведоштвата, пак, на преживеаните кои се самоповредуваат, укажува зошто тие се принудени да преземаат екстремни мерки. „Нашите животи се празна школка. Зошто да живееме“, вообичаено велат тие. Во тој контекст, според СЗО, затворањето дома со месеци за време на пандемијата „КОВИД-19“ дополнително доведе до зголемување на анксиозноста и депресијата за 25 отсто, вклучително и на самоубиствени идеи, особено кај младите жени. Сепак, тоа не е сè. Имено, женскиот очај се храни со долгогодишните ранливости во менталното здравје кои им претходат на Талибанците. Авганистан памети многу неубави работи, меѓу кои и конфликти и нарушувања кои се надополнети со сиромаштија и катастрофи на неколкудецениски период. Затоа и истражувачите проценуваат дека половина од населението на Авганистан доживеало некаква форма на ментална болест, вклучително и посттрауматски стрес. А, наодите низ земјите кои се во продолжени кризи укажуваат и на меѓугенерацискиот трансфер, како и на зголемување на траумата на населението. Особено, малициозен ефект е зголеменото насилство врз жените во домашни услови и во заедницата.



Како заклучок може да се каже дека менталните болести се занемарени во светот, а посебно во Авганистан, каде што малата помош што се добива не е доволна за секојдневните физички потреби за преживување. Сепак, луѓето не можат да живеат само од леб. Скромните услуги за ментално здравје кои земјата некогаш ги имала, повеќе не постојат. Драконските ограничувања кон пристапот за помош укажува дека ментално вознемирените жени на кои им требаат советници, не можат брзо да ги најдат. Празна е и линијата на развој на идните жени-психолози и психијатри. Затоа, ова е и ментална здравствена криза од невидени размери, надополнета со епидемија на женско самоповредување. Иако заложбите за промена на третманот на Талибанците кон жените останува суштинско прашање, тешко дека наскоро ова ќе вроди со плод. Не е доволно ниту да се инвестира мал дел од „хуманитарниот колач“ за подобрување на услугите за ментално здравје. Ова секогаш ќе биде или премалку или предоцна. Наместо тоа, пристапот за јавно здравје треба да е од суштинско значење и дефинитивно има потреба од масовна програма за евтина ментална прва помош. Исто како и физичката прва помош која спасува безброј животи во војни и несреќи, потребно е да се искористат вештините на заедницата за справување со психолошката траума преку свесност за факторите на ризик, следење на знаците за предупредување, особено самоповредувањето, комуникација со емпатија и почит и градење солидарни мрежи кои ги зајакнуваат капацитетите за справување кои не осудуваат. Многу земји нудат услуги за прва помош за ментално здравје со техники кои се научно поткрепени. Тие се достапни и на интернет. Зошто тоа да не биде и во Авганистан? Авганистанците ќе треба да одвојат време за да најдат решенија за нивните многу сложени проблеми. Но, она што е најважно е тоа дека да се има здрав ум, и кај жените и кај мажите, е предуслов и за тоа како да се изгради општество коешто е добро за сите. Затоа, никогаш не е предоцна Авганистан да преземе мерки за подобро ментално здравје кај луѓето, што дополнително може да спаси драгоцени животи.

м-р Билјана Поповска
https://www-thenationalnews-com.cdn.ampproject.org/c/s/www.thenationalnews.com/opinion/comment/2023/09/05/afghanistan-is-in-urgent-need-of-a-mental-health-first-aid-programme/?outputType=amp


32


години
омија

# Автоматски пиштол „Skorpion vz.61“

„Skorpion vz.61“ е развиен како компактен, борбено моќен и лесен автоматски пиштол, наменет за уништување непријателска жива сила, со цел офицерите, подофицерите и војниците да се опремат со посебни специјалности, особено за екипажи на оклопни возила и специјални единици, за борба на блиски растојанија и во затворени простори. Во основа „Skorpion vz.61“ е индивидуално автоматско огнено оружје кое работи на принципот „трзнување на слободниот затворач“, кој дејствува со затворен затворач. Многу делови на оружјето се изработуваат со пресување на лимови, додека од масивен метал се изработуваат телото на пиштолот, цевката и затворачот, а ракофатот се изработува од дрво или од пластика. Главни делови на автоматскиот пиштол „Skorpion vz.61“ се: цевка, сандак (поклопец), преден и заден механички нишан, затворач со ударна игла, повратен механизам (составен од две повратни пружини со нивните водишта и нивната спојница), тело на пиштолот со ракофат, чкрапало со механизмот за дејствување, механизам за забавување на брзината на стрелба, кундак на склопување и рамка за муниција. За заштита на металните делови од корозија се користат неколку начини: фосфатизација, цинкување, бојадисување и печење на бојата и брунирање.
На бочните страни од сандакот, по должина, има долгнавести отвори наменети за движење на двете рачки за репетирање (во облик на копчиња), кои се споени со затворачот, а на горниот дел, централно од сандакот, е отворот за исфрлување на чаурите.
На телото од пиштолот, од левата страна над ракофатот, е поставен лостот од селекторот за стрелба кој има 3 позиции. Од лево кон десно, првата позиција е со ознаката ,,20” и е наменета за рафална стрелба, втората позиција е означена со ,,0” и во оваа позиција оружјето е закочено, а третата позиција е означена со „1“ и е наменета за единечна стрелба. На телото од пиштолот пред штитникот на чкрапалото, од левата долна страна е поставен лостот за ослободување на затворачот (кога е во задна положба), додека од левата страна, над него, е поставено копчето за ослободување на рамката за муниција.
Предниот и задниот механички нишан се заварени на сандакот и поседуваат бочна заштита.
Мушичката на предниот нишан може да се приспособува со посебен клуч, според правец и височина, додека задниот нишан е преклопен со две нишански далечини, за 75 m и 150 m.
За поголема прецизност и стабилност при стрелба, на автоматскиот пиштол е поставен кундак на склопување изработен од пресувана жица. Кога кундакот е склопен се поставува преку сандакот, а се фиксира на еластичните профилирани бочни заштитни страни од предниот нишан.
Цевката на „Skorpion vz.61“ е со калибар од 7.65 mm и должина од 115 mm, а внатрешно поседува 6 жлебови со десен чекор на ротација, чии круг се затвора на 350 mm. За поголема издржливост, југословенската верзија „Шкорпион М84“ (одреден број) поседува тврдо хромирана цевка.
При изведување на специјални операции, на цевката може да се постави придушувач на истрел.
За полнење со муниција оружјето користи два модели на дворедни метални рамки за муниција, и тоа со капацитет од 10 и 20 куршуми.
Максималната теоретска брзина на стрелба на оружјето изнесува од 750 до 850 куршуми во минута, но практичната брзина при единечна стрелба изнесува до 35 куршуми во минута, а при рафално дејство изнесува до 100 куршуми во минута.
При стрелба со рака, најдобри резултати се постигнуваат до 50 m, а со кундак од рамо до 150 метри.
Расклопувањето на оружјето за редовно чистење е многу едноставо и брзо, а притоа не се потребни алатки.
Врз основа на „Skorpion vz.61“ е развиена цела палета на верзии наменети за воено-полициска употреба кои имаат можност за автоматска и полуавтоматска стрелба и цивилни верзии кои имаат можност само за полуавтоматска стрелба.
За воено-полициските служби се развиени следните верзии: „Skorpion vz.64“ за муницијата 9×17 mm (.380 ACP), „Skorpion vz.65“ за муницијата 9x18 mm „Макаров“ и „Skorpion vz.68“ за муницијата 9x19 „Parabellum“.
Во поранешна Југославија, а подоцна и Србија според лиценца, произведуваа модифицирана верзија на автоматскиот пиштол „Skorpion vz.61“ под ознака „М84 Шкорпион“.
Благодарение на добрите особини на „Skorpion“, повеќе од 20 држави во светот го набавуваат за потребите на своите армии, безбедносни служби и полициски единици.

Ивица Дамески





**Објаснување на пресек-сликата**

1. Цевка
2. Преден механички нишан
3. Сандак (поклопец)
4. Извлекувач на чаури (куршуми)
5. Затворач
6. Ударна игла
7. Копче за ослободување на рамката за муниција
8. Две повратни пружини со нивните водишта
9. Удирач на ударната игла
10. Заден механички нишан
11. Селектор за стрелба
12. Фаќач на затворачот
13. Кундак на склопување со неговиот држач






**14.** Механизам за намалување на брзината на стрелба

**15.** Ракофат, изработен од дрво или од пластика

**16.** Носач на ракофатот

**17.** Навртка на ракофатот

**18.** Дисконектор

**19.** Чкрапало

**20.** Механизам на чкрапалото

**21.** Штитиник на чкрапалото

**22.** Задржувач/ослободувач на затворачот

**23.** Рамка за муниција со 10 куршуми

**24.** Тело на пиштолот

**25.** Чивија за спојување помеѓу сандакот (поклопецот) и телото на пиштолот

| Тактичко-технички карактеристики на „Skorpion vz.61“ | |
|---|---|
| Калибар/ муниција | 7.65x17 mm „Browning“ |
| Должина со склопен кундак | 270 mm |
| Должина со расклопен кундак | 522 mm |
| Височина | 167 mm |
| Широчина | 43 mm |
| Должина на цевката | 115 mm |
| Нишанска линија | 165 mm |
| Тежина, празен (без рамка за муниција) | 1.28 kg |
| Капацитет на рамките за муниција | 10 и 20 куршуми |
| Тежина на празна рамка за муниција за 10 куршуми | 80 gr |
| Тежина на празна рамка за муниција за 20 куршуми | 100 gr |
| Брзина на проектилот | 310 m/s |
| Теоретска брзина на стрелба | 850 куршуми во минута |

* Податоците се превземени од проиводителот



# Авион „Mcdonnell Douglas F-4 Phantom II“

Производството на авионот „F-4 Phantom II“ од страна на компанијата „McDonnell Douglas“ било реализирано во периодот од 1958 до 1981 година, со вкупен број од 5195 авиони. Во историјата и во текот на Студената војна, ова е најпроизведуваниот американски борбен авион

Станува збор за суперсоничен млазен пресретнувач и ловец-бомбардер со долг дострел за сите временски услови, првично развиен за морнарицата на Соединетите Американски Држави. Во морнарицата авионот бил во оперативна употреба од 1961 година. Подоцна е воведен во служба и од страна на Маринскиот корпус, како и од Военото воздухопловство. Во однос на именувањето на моделот, имало предлози како, на пример, „Satan“ и „Mithras“, за најпосле авионот да го добие помалку контроверзното име „Phantom“ (ознаката „F-4“ била усвоена во септември 1962 година). Производството на „Phantom II“ завршило во САД во 1979 година, откако биле изградени 5195 модели. Од нив, 2874 стапиле во служба во воздухопловните сили, 1264 модели во морнарицата и маринскиот корпус, а останатите биле доставени на странски клиенти. Последниот произведен авион „F-4“ во САД бил дистрибуиран во Јужна Кореја, додека последниот „F-4“ бил изграден од компанијата „Mitsubishi Heavy Industries“ во Јапонија, а бил испорачан на 20 мај 1981 година. Авионот особено се користел за време на Виетнамската војна, за постигнување и одржување апсолутна контрола во воздушниот простор, односно за воздушна супериорност на Воздухопловните сили, на Морнарицата и Маринскиот корпус на САД. Имал голема улога за реализација на копнени напади, како и за воздушно извидување на непријателските позиции. Овој воздухоплов продолжил да претставува главен дел од воздушната моќ во текот на 1970-тите и 1980-тите години. Авионот „F-4 Phantom II“ останал во употреба за реализација на извидување и сузбивање на непријателската воздушна одбрана во Заливската војна во 1991 година, конечно напуштајќи ја службата дури во 1996 година. Важно е да се истакне дека за меѓународна употреба, оперативноста на авионот е во вооружените сили на 11 други нации. Израелската варијанта постигнала обемна улога во неколку арапско-израелски конфликти. Иран ја користел својата голема флота во текот на Иранско-ирачката војна. Воздухопловните сили на Исламската Република Иран првично имале 225 авиони „Phantom II“, испорачани од САД, што го прави овој авион да биде вториот најголем извозен клиент за овој тип.Авионите биле испорачани пред Иранската револуција во 1979 година и интензивно користени во текот на Иранско-ирачката војна. Дел од таа

флота продолжува да функционира и денес. Неодамна воздухопловот бил во употребен за реализација на мисии против групата „Исламска држава“ на Блискиот Исток. Водечки прекуокеански оператор е Германија, со употреба на овој тип од 1971 до 2013 година. Обединетото Кралство, исто така го користел авионот „Phantom II“, посебно во операциите на Фокландските Острови. Израел бил уште еден значаен оператор, со повеќе од 200 авиони „Phantom“ кои биле во употреба до 2004 година. Јапонија оперирала околу 140 авиони, до пензионирањето на последниот пример во 2021 година.
Со текот на времето и новите предизвици, постепено започнало заменување на авионот „F-4 Phantom II“ во воздухопловните сили на САД со помодерни авиони како што се „F-15 Eagle“ и „F-16 Fighting Falcon“, потоа „F-14 Tomcat“ во американската морнарица и авионот „F/A-18 Hornet“ во Морнарицата и Маринскиот корпус. Авионот „McDonnell Douglas F-4 Phantom II“ уште е во активна служба во воздухопловните сили на Иран, Јужна Кореја, Грција и Турција.

**Дизајн и карактеристики**

Првите чекори за дизајн и развој на авионот „McDonnell Douglas F-4 Phantom II“ започнале во 1952 година, кога шефот за аеродинамика на компанијата бил назначен за менаџер за прелиминарен дизајн од страна на извршниот директор. Интерните студии заклучиле дека морнарицата имала најголема потреба од нов и различен тип на авион за напад. Наредната година било реализирано ревидирање на моделот со проширени способности, авионика и подобри перформанси, со готов предлог до американската морнарица. Уникатно, авионот требало да биде модуларен, опремен со кабина со едно или со две седишта за различни мисии, со различни конуси во предниот дел од трупот за сместување на радар, фото камери, топови од 20 mm или ненаведувани ракети покрај деветте точки под крилата и трупот за поставување на вооружување. Авионот има голем потенцијал за носење и употреба на вооружување. Може да носи повеќе од 8400 килограми оружје на девет надворешни точки, вклучувајќи проектили воздух-воздух, проектили воздух-земја и разни типови бомби (ненаведувано, наведувано и термонуклеарно оружје). Првично бил дизајниран без внатрешен топ, а во подоцнежните модели вградиле ротационен топ од типот „M61A1 Vulcan, со калибар од 20 mm.
Во текот на 1954 година, моделот бил предизајниран во ловец-бомбардер за сите временски услови, а компанијата добила писмо со намери за изградба на два прототипови. Тестирањето на авионот во аеродинамичен тунел открило странична нестабилност која била решена со редизајнирање на титаниумскиот централен дел на авионот и со подигање на надворешните делови на крилата. Првиот лет со авионот „McDonnell Douglas F-4 Phantom II“ бил реализиран на 27 мај 1958 година.
Како пресретнувач од своето време, „McDonnell Douglas F-4 Phantom II“ достигнува максимална брзина од над 2,2 Mach (првиот авион на воздухопловните сили летал на 27 мај 1963 година, надминувајќи 2 Mach на својот прв лет). И покрај импозантните димензии и максималната тежина на полетување од над 27.000 килограми, авионот „F-4“ има максимална брзина од 2,23 Mach, со почетна стапка на искачување од над 210 метри во секунда. Слоган на пилотите на „F-4 Phantom II“ бил „Брзината е живот“, бидејќи најголемата предност на авионот во воздушната борба биле забрзувањето и потисната сила, што му овозможувало на секј вешт пилот да се вклучи и да излезе од борбата по своја волја.
Почнувајќи од 1959 година, авионот има поставено околу 16 светски рекорди, вклучувајќи апсолутен рекорд во брзина и апсолутен рекорд во висина. Пет од брзинските рекорди останале непобедливи, сè додека не се појавил авионот „F-15 Eagle“ во 1975 година. Авионот „McDonnell Douglas F-4 Phantom II“ исто така бил единствениот авион што го користеле два тима за демонстрација на летањето на САД: „Thunderbirds“ на Воздухопловните сили (со моделот „F-4E“ во периодот од 1969 до 1974 година, со одлични перформанси и воодушевување на толпите ширум светот) и „Blue Angels“ на Морнарицата (со моделот „F-4J“).

Драган Павловски







# „Redback“, борбено возило на пешадијата

„AS21 Redback“ е напредно пешадиско борбено возило (IFV), предложено од страна на јужнокорејската компанија „Hanwha Defense“, наменето за потребите на австралиската армија. Пешадиското борбено возило „AS21 Redback“ се очекува да влезе во служба во австралиската армија во 2027 година

Борбеното возило на пешадијата „IFV-„AS21 Redback“ ќе обезбеди супериорна мобилност и целосна балистичка заштита, противминска заштита, како и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни (CBRN) закани. „Redback IFV“ е напредна верзија на борбеното возило на пешадијата „K21 IFV“, кое е во служба во јужнокорејската армија (ROK Army). Прототипот на возилото беше претставен на Меѓународната воздушна и одбранбена изложба во 2019 година (ADEX 2019), што се одржа во воздухопловната база во Сеул во Јужна Кореја, во октомври 2019 година. Со својот оклоп, топот и проектилите од следната генерација, возилата „Redback IFV“ се очекува да нудат мобилност и огнена моќ додека ги штитат и ги транспортираат војниците во блиска борба. Првото возило „Redback IFV“ се очекува да биде испорачано во 2027 година.`Борбеното возило „AS21 Redback“ се развива како дел од програмата на австралиската армија LAND 400 Phase 3 IFV, чија цел е да го замени оклопниот транспортер „M113“, воведен уште во далечната 1964 година. За оваа програма во септември 2019 година беа избрани „Lynx KF41 IFV“ на „Rheinmetall Defence“ и „Redback IFV“. Фазата „3 LAND 400“, исто така позната како „Побарувања за монтирана блиска борбена способност“, е проект на австралиското Министерство за одбрана во вредност од 15 милијарди австралиски долари (или 10,3 милијарди американски долари) за набавка на 450 борбени возила на пешадијата IFV и 17 возила за поддршка за маневрирање (MSV-manoeuvre support vehicles) за австралиската армија. Министерството за одбрана потпиша договори во вредност од 50 милиони австралиски долари (37,6 милиони американски долари) со „Hanwha“ и „Rheinmetall“ за фазата на активноста за намалување на ризикот (RMA-Risk Mitigation Activity) од програмата „LAND 400 Phase 3“ во октомври 2019 година. Испитувањата за намалување на ризикот, RMA, вклучија низа тестови за процена на смртноста, на експлозијата и балистиката, на транспортибилноста и мобилноста на возилата. Програмата напредуваше до процесот на набавка, кој вклучуваше и финална евалуација. Компанијата „Hanwha Defense“ ги испорача првите два прототипови „Redback IFV“ на австралиската армија за тестирање во јули 2020 година. Третиот прототип беше испорачан во декември 2020 година. Во март 2021 година, австралиската армија доби три прототипови „Redback IFV“, од кои два беа користени за процени, а останатите беа искористени за тестирање на експлозија. Во август истата година, и „Redback IFV“ и „Rheinmetall's KF-41 Lynx“ беа тестирани за нивните способности за огнена моќ. Во јули 2023 година, австралиската армија ја објави компанијата „Hanwha Defense Australia“ како свој претпочитан партнер за програмата „LAND 400 Phase 3“. Според оваа, австралиската армија ќе добие 129 нови возила во две варијанти.

„Redback IFV“ е дизајниран да обезбеди подобрена заштита и висока подвижност, истовремено обезбедувајќи супериорна удобност на екипажот. Возилото ќе биде интегрирано со докажан дигитален

систем за управување со бојно поле (BMS-battle management system). Борбената тежина на возилото ќе биде 42 тони. Хидропневматската единица за потпирање (ISU) од типот „во рака“ ќе помогне за намалување на вкупната тежина на возилото во споредба со традиционалниот дизајн на борбени возила на пешадијата „IFV“. Оклопното возило ќе биде управувано од тројца членови на екипажот, вклучувајќи возач, командир и нишанџија, додека во задниот транспортен дел ќе може да смести осум војници - dismounted. Возилото ќе нуди опции за оклопна заштита од ниво 2 до 6, во согласност со НАТО STANAG 4569 и ќе биде опремено со напреден систем за активна заштита (APS-active protection system), кој може да обезбеди заштита од дојдовните наведувани противтенковски ракети/проектили од видното поле. Системот за активна заштита „**железна тупаница**“ (Iron Fist APS) е опремен со интегрирани радари и електрооптика, која ќе му овозможи на возилото „Redback“ да ги открие, да ги класифицира и да им се спротивстави на неколку видови закани.
Борбеното возило „AS21 Redback IFV“ ќе биде опремено со вооружена купола „Redback“, која нуди напредни способности за откривање, ангажирање, команда и контрола. Максималната борбена тежина на куполата ќе биде 6.000 килограми, што вклучува оружје, проектили, систем за активна заштита APS-далечинска управувана вооружена станица (RWS) и целосен борбен комплет на муниција. Куполата ќе биде вооружена со топ од 30 мм „Bushmaster MK44S“, коаксијален митралез „MAG 58“ 7,62 мм, чадни гранати со повеќе цевки од 76 мм и два ракетни фрлачи „SPIKE LR2“. Возилото може да биде опремено со далечински управуван вооружен систем EOS R400S Mk2 HD или R150 и со противтенковски наведувани проектили „Javelin“. „Redback IFV“ ќе биде придвижувано од „MTU“ дизел-мотор со осум цилиндри, кој генерира моќност од 1.000 КС. Моќниот пакет ќе му овозможи на возилото да работи со максимална брзина од над 65 km/h и да достигне максимален дострел од 520 km. Системот со композитна гумена патека (CRT) поставен на „IFV“ ќе обезбеди подобрена подвижност на груби терени.
За целосната реализација на овој проект, компанијата „Hanwha Defense Australia“ тесно соработуваше со австралиската вселенска и одбранбена компанија „Electro Optic Systems (EOS)“ за да конкурира за програмата „Land 400 Phase 3“. Компанијата „EOS“ е првостепен подизведувач според партнерскиот аранжман. Компанијата „Hanwha“, исто така соработуваше и со „Shoal Group“ за да го финализира

| Спецификации на борбеното возило на пешадијата „Redback“ се: | |
|---|---|
| **Тип** | Infantry fighting vehicle |
| **Производител** | Hanwha Defense |
| **Оператор** | Австралиската армија |
| **Тежина** | 42 тони |
| **Посада** | 3+8 |
| **Автономија на опсег** | 520 km |
| **Максимална брзина на пат** | 65 km/h |



дизајнот на „AS21 Redback IFV“, со цел да ги исполни барањата на австралиската армија и да развие концепти за логистика и систем за обука. Тимот, предводен од „Shoal“, вклучува повеќе од 30 австралиски експерти. Компанијата „Soucy Defense“ беше ангажирана од „Hanwha Defense“ за набавка на композитни гумени патеки-гасеници (CRT Composite Rubber Track), системи за борбеното возило на пешадијата „AS21 Redback IFV“. Компанијата „Elbit Land Systems“, компанија за одбранбена електроника со седиште во Израел, го снабдува системот за активна заштита „Iron Fist APS“, додека „Rafael Advanced Defense Systems“ ја обезбедува ракетата „Spike“ за IFV. Други изведувачи во тимот на „Redback“ се „Bisalloy Steels“, „ECLIPS Logistics“, „Milspec Manufacturing“, „Penske Australia“, „Elphinstone“, „Corvus“, „Plasan“ и „CBG Systems“. Во февруари 2024 година „Elbit Land Systems“ обезбеди договор од 600 милиони долари од „Hanwha“ за обезбедување напредна заштита, борбени способности и пакет со сензори. „Northrop Grumman“ обезбеди договор од „Hanwha“ за набавка на „Mk44 Stretch Bushmaster Chain Guns“ (Mk44S), чија интеграција на борбените возила е веќе започната во јуни 2024 година. Испораката на овие возила се очекува да започне 2026 година.
Во согласност со оперативните барања на австралиската армија, овие борбени возила на пешадијата ќе бидат замена за веќе застарената флота на оклопни возила „M113“, кои се патентирани во средината на минатиот век. Со својот оклоп, топ и проектилите од најновата генерација, тие ќе обезбедат заштита, мобилност и огнена моќ, потребни за транспорт и заштита на војниците во блиска борба, давајќи им голема шанса да ја постигнат својата мисија и безбедно да се вратат. Во врска со набавката на овие возила, Владата на Австралија изјави дека купувањето е дел од модернизацијата на Армијата, со цел да се осигури дека може да одговори на копнените предизвици во регионот и со тоа да ги обезбеди потребните капацитети за одбрана на Австралија и за заштита на националната безбедност. Новите возила ќе бидат испорачани речиси во исто време со новите ракетни системи „ХИМАРС“ и со леталата, што го одразува повикот на Одбранбениот стратегиски преглед за трансформација на Армијата за операции и за маневри на приморјето на Австралија.

Идриз Идризоски




# „Grumman TBF Avenger“

Во Втората светска војна, копнените и воздухопловните битки на европскиот контитент биле со различна природа од битките кои се случувале на Далечниот Исток. Имено, за време на 1920-тите и 1930-тите години, Јапонија вложувала многу средства, ресурси и напор за иновативни решенија од военотехничка и военотактичка природа. Набргу Јапонското морнаричко воздухоплвство било едно од најдобрите во светот, а тоа значело и поседување на најдобрите антибродски, антиподморнички офанзивни и дефанзивни воздухопловни тактики

САД не очекувале ненаден напад од Јапонската Империја, а најмалку од сѐ се подготвувале за влез во Втората светска војна. Тоа резултирало со ниско темпо на вложување во развојот на воена технологија, особено во производство на модерни и техничко-технолошки напреднати, современи воздухоплови. За време на Перл Харбор, Морнаричкото воздухопловство на САД располагало со само два јуришни авиони, „Даглас СБД Даунтлес“, кој бил одличен во текот на целата војната, и „Даглас ТБД Девестатор“ кој бил толку многу застарен што пилотите го именувале како „летачки ковчег“. Развојот на настаните придонел кон прогресивно и напредно размислување за создавање на нов морнарички јуришник, способен да носи бомби и торпеда при полетување и слетување на носачот на авиони. Новиот авион бил еден од најдобрите морнарички јуришници во Втората светска војна, одличниот „Груман ТБФ Авенџер“, наречен „Авенџер“. Главниот морнаирчки јуришник во редовите на Военото воздухопловство на САД бил „Даглас ТБД Девестатор“, но овој воздухоплов не можел соодветно да одговори на модерните воени предизвици кои ги носела Втората светска војна. Со цел развивање на нов, соодветен морнарички јуришник, раководството на Военото воздухопловство на Соеднитетите Американски Држави распишало тендер во кој заинтересираните компании требало да достават дизајнерски идеи за производството на бараниот продукт. Од сите компании, раководството на Военото воздухопловство на Соеднитеите Американски Држави го

селектирал дизајнот на компанијата „Груман“. Дизајнот подразбирал нацрт за производ на авион, именуван како „Груман ТБФ“. Авионот бил нарачан во април 1940 година. Имено, дизајнот бил производ на Лирој Груман и првично резултирал со производство на два пртотипови, од кои еден бил именуван „ХТБФ-1“ и го забележал својот прв лет на 7 август 1941 г., додека другиот прототип на воздухопловот се урнал во близина на местото Брентвуд во сојузната држава Њу Јорк. И покрај негативниот впечаток од урнувањето на авионот, раководството на Военото воздухопловство на Соеднитетите Американски Држави сепак одлучило да го продолжи проектот, односно да спроведе иницијатива за сериско производство на авионот. Најевројатно ова се должело на безизлезнта ситуација која подразбирала недостаток на моранрички јуришник во тој момент. Но, набргу, одлуката за масовно производство на авионот била повеќе од добра. Воздухопловот бил еден од најдобрите моранички јуришници во Втората светска војна и бил добро прифатен од страна на авијатичарите и морнарската посада на носачите на авиони. Најверојатно тоа се должело на неговиот дорбо осмислен дизајн. Имено, авионот бил дизајниран со способност за преклопување на крилата, користејќи STO-WING-систем на прекршување, кој овозможувал поголем капацитет на носивост на авиони во внатрешните хангари на американските носачи на авиони. Овој систем на прекршување на крилата бил конкретно дизајниран да обезбеди максимален можен простор при паркирана позиција на авионот и претставувал основа врз која и другите




американски морнарички ловци биле дизајнирани, како на пример авионот „Ф6Ф Хелкет“. „Ф6Ф Хелкет“ бил морнарички ловец дизајниран со иста цел, да замени претходник кој бил застарен и несоодветен да се соочи со модерните јапонски ловци во раниот период на Втората светска војна. Покрај иновативниот дизајн на крилата, „Груман ТБФ Авенџер“ бил придвижуван од „ѕвезда“ мотор, „Wright R-26000-20“ со 14 цилиндри, лоцирани во два реда еден позади друг, способни да развијат 1900 коњски сили. Моторот бил значително помоќен од моторт на „Даглас ТБД Девестатор“. Летачката посада на авионот се состоела од три члена. Еден пилот, еден радио оператор кој исто така имал функција да ги активира бомбите кои авионот ги носел и еден оператор на митралези, лоциран во единствената купола на авионот. Раните модели на авнионот инкорпорирале систем на вооружување составен од митралези со различен калибар. Предното вооружување кое било активирано од пилотот се состоело од само еден митралез со калибар од 7.62 милиметри, лоциран во носниот дел на авионот. Задното вооружување се состоело од еден митралез со калибар од 12.7 милиметри лоциран во куполата на авионот, и еден митралез со калибар од 7.62 милиметри лоциран во позиција под куполата во долниот дел од централната воздушна конструкција. Оваа позиција се сметала за најранлива од напади на непријателски ловци со приоди од задна долна насока, најчесто слепа точка на пилотот. Овој митралез бил опериран од радио операторот и бомбардерскиот нишанџија. Подоцнежните варијанти на авионот подразбирале и промена и инкорпорирање на помоќно






| | |
|---|---|
| **Должина** | 12,19 метри |
| **Распон на крилата** | 16,51 метри |
| **Висина** | 5 метри |
| **Мотор** | Еден мотор „Wright R-2600-8 Twin Cyclone” со 14 цилиндри, способни да развијат 1700 коњски сили. Моторот имал воздушно ладење. |
| **Максимална брзина** | 447 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 1456 километар |
| **Максимална висина на летање** | 6900 метри |
| **Вооружување** | Еден митралез со калибар од 7.62 милиметри, лоциран во носниот дел на авионот, или два митралези со калибар од 12.7 милиметри, лоцирани во крилата на авионот<br>Еден митралез со калибар од 12,7 милиметри, лоциран во куполата на воздушната конструкција, позади пилотската кабина<br>Еден митралез со калибар од 7.62 милиметри, лоциран во долниот заден дел од централната воздушна конструкција<br>Способност за носивост на 900 килограми бомби или на едно торпедо со тежина од 900 килограми |

вооружување. Предниот митралез лоциран во носниот дел на авионот бил отстранет и заменет со два митралези со калибар од 12.7 милиметри, лоцирани во крилата на авионот. Ваквата комбинација овозможувала значително подобра самоодбрана од непријателски ловци, но и поголема убоитост при офанзивни јуришни борбени задачи на копнени или водни цели. Дизајнот на пилотската кабина, позната исто така како „птичји кафез“ била преокупирана со огромните димензии на авионското радио, особно за денешни стандарди. Добро, квалитетно радио било неопходна и многу вашна алатка во моранричкото воздухоплвовство. Многу често, млади пилоти и навигатори не можеле соодветно да извршат пресметки за насоки поради отсуството на земјени знаци и показатели. Исто така, често се случувала ситуација на невидлив хоризонт од пацифичките природни услови, па радиото било единствената опрема за спас во такви ситуации. Поправката и пристапот на радиото било овозможено преку тунел чиј влез бил од десната страна на централанта воздушна конструкција на авионот. Во зависност од борбената задача, авионот бил способен да се приспособи за инкорпорирање на четврт член од летачката посада наместо радиото, но ова во боребни услови било малку применувано. Она што го правело „Груман ТБФ Авенџер“ посебен авион бил капацитетот за носивост на бомби и торпеда. Имено, воздухопловот имал внатрешна комора за складирање на едно торпедо „Марк 13“, или една бомба со тежина од 900 килограми или, пак, четири бомби со тежина од по 220 килограми. Диверзитетот на способноста за носивост на експлозивни ударни направи значително ги зголемило воздухопловните борбени способносто на военото стратешко раководство на Соединетите Американски Држави во Пацификот. Авионот, исто така, имал исклучителна ригидност и стабилност. Многу од пилотите забележале дека воздухопловот имал летачки карактеристики како камион. Радиоспособностите и енормно долгиот оперативен дострел предизвикале изјави на многу воздухопловни експерти дека „Груман ТБФ Авенџер“ бил најдобриот торпедо-бомбардер во Втората светска војна. Тој бил наефективинот и најуспешниот уништувач на подморници во Втората светска војна и главен воздухоплов, заслужен за потопувањето на јапонските воени бродови „Јамато“ и „Мусаши“.

**Варијанти**

„Груман ТБФ Авенџер“ бил произведен во многу варијанти и бил употребуван од воздухопловствата на многу различни нациии. Ќе наведеме варијанти кои биле најупотребувани и кои оствариле најголеми резултати на военото поле.

<u>„Груман ТБФ Авенџер ТБФ-1“</u>
Оваа варијанта била прва и основна која влегла во сериско производство. Биле произведени 1526 воздухоплови во текот на Втората светска војна. Токму оваа варијанта била засжужна за одличната репутација на јуришникот.

<u>„Груман ТБФ Авенџер ТБФ-1Ц“</u>
Оваа варијанта забележала надградување на вооружувањето, односно инкорпорацијата на два митралези со калибар од 12.7 милиметри лоцирани во крилата на авионот. Исто така, оваа варијанта била со зголемен капацитет на гориво, со способност за носивост од 2748 литри во внатрешните резервари на авионот. Од оваа варијанта биле произведени 765 примероци.

Димитар Даневски




# „М18А1-Клејмор“, противпешадиска распрснувачка мина со насочено дејство

Мината „Клејмор“ е едно од најсмртоносните и најразорните противпешадиски оружја во модерното војување. Уште од самиот почеток откако е воведена, таа им даде на пешадиските единици сигурен и воедно смртоносен уред што може да се користи дефанзивно во периметарска одбрана или офанзивно при поставување на заседа

Името на мината, „Клејмор“, потекнува од старошкотскиот јазик, а се однесува на посебен тип на голем дворачен меч и отприлика тука завршуваат сличностите со овој или со секој друг меч. Мината „Клејмор“ е многу смртоносно и многу помало парче оружје, без потреба од корисник и како такво и има можност да осакати цело одделение доколку биде поставено правилно. Повеќето мини ја насочуваат својата експлозивна моќ нагоре и обично се активираат кога човек или возило ќе стапне врз неа. Мината „Клејмор“ навистина е насочена мина, што значи дека корисникот може да ја насочи експлозијата по желба. Мината обично се детонира преку минерски кабел кој води до детонатор поставен во мината. Детонацијата е иницирана од посебен уред за палење „М57“ кој, кога ќе се притисне, испраќа импулс до детонаторот и ја активира мината „Клејмор“, со што се ослободуваат 700 метални топчиња во „зоната за убивање“, многу слично како што функционираат и патроните од пушка-сачмарка.
Идејата за мината настанала за време на Втората светска војна, врз основа на еден ефект кој независно еден од друг го откриле Унгарецот Јозеф Миснаи и Германецот Хуберт Шардин. Ефектот се состои од следното: кога експлозивно полнење во форма на плоча експлодира на тврда (метална) подлога, експлозивниот млаз се движи во спротивниот правец, односно потребниот правец за да се загрози непријателската жива сила. На почетокот тоа средство било развивано како бочна нападна мина за противтенковска борба, но развојот не бил довршен. Шардин, исто така, барал рововско решение на таква мина која би го насочувала распрскувачкото дејство. Во текот на Корејската војна, како едно од средствата за запирање на масовните пешадиски напади од кинеската страна, Канаѓаните и Американците забрзано почнале да развиваат проекти токму со такви спецификации – брзо и моментално запирање на пешадиските јуриши кои биле тешко да се сопрат со стрелачко дејство, при што ни артилеријата (поради близината на рововите) не била од голема помош. Канаѓанецот Норман Меклод и неговата корпорација „Калорд“ почнале со развој и најпрво разработиле проект на нагазна мина „Феникс“, која го користела наведениот ефект. Целта била непријателот да биде затечен од челичните фрагменти со големина од околу шест до седум милиметри. Шрапнелите биле залиени во експлозивна смеса, тешка 2,3 килограми. Се покажало дека тоа средство е прегломазно и непрактично за пешадиска употреба, а при тоа имало и неконтролиран домест од 20 до 30 метри. Меѓутоа, Норман Меклод бил упорен, па во 1952 година почнал да работи на помала мина, исто така со насочено дејство. Во исто време американската корпорација

„Пикатини арсенал“ го разработувала тој концепт, а до денес не се знае дали тоа е направено синхронизирано со канадската корпорација. Главно, тие после своите обиди побарале од Норман да го развие тој концепт и го претставиле под името „Т-48“. Американците го доработиле и тој модел конечно се појавил под името „М18А1“ во Виетнам, кога биле произведени околу 10.000 парчиња од оваа опасна направа. Така развиената мина била масовно користена веќе од 1961 година. Телото на мината било долго 235 mm, а високо 83 mm. Било сместено во пластична кутија со три ногарки на склопување со шилци, заради полесно забодување во земја. Малиот отвор од странаta служел за поставување на детонаторот. Во мината се наоѓал 340 грама пластичен експлозив, а под него бил поставен слој со фрагменти со големина од 6,4 mm. Мината имала вкупна маса од 1,1 килограм и можела да биде опремена и со едноставен оптички нишан заради полесно позиционирање. Во текот на производството бил забележан еден многу иритирачки недостаток - војниците често мислеле дека конкавниот (вдлабнатиот) дел се насочува кон непријателот. Затоа на конвексниот (испакнатиот) дел се излевало или се печателе предупредувањето „Front Toward Enemy“ – „Страна кон непријателот“. Мината лесно се поставувала со забодување на ногарките во земја, а потоа се маскирала. На почетокот ниту оваа мина не била значително поефикасна од претходната мина „Феникс“, бидејќи имала дострел од околу 30 метри. На развојот на мината се работело и понатаму, според спецификации дадени од Армијата па, така, мината требало да биде полесна од 1,6 килограми, со дострел од најмалку 50 метри, со цел на тоа растојание да постигне убојно дејство. Барана била и брзината на фрагментите од 1.200 метри во секунда, а бројот на фрагментите требало да биде околу 700 парчиња. Во текот на развојот биле употребувани калени челични куглички, но брзо биле заменети со куглички од помек материјал кои се деформирале во поволен аеродинамичен облик и целосно се користела енергијата на експлозијата. Исто така емпириски се установило и оптималното ниво на закривеноста на телото на мината, што било направено со низа на експерименти. Исто така, проблематичен бил и материјалот од кој требало да се изработи мината, бидејќи можела да кородира при допир со агресивниот состав на експлозивот. Затоа била развиена специјална пластика „дурекс 16611/2“, која лесно можела да се обликува во преси во форма на телото на мината. Со уште неколку мали подобрувања бил добиен




| Тактичко-технички податоци | |
|---|---|
| **Дизајн** | Норман Меклод, заедно со неколкумина други конструктори |
| **Производител** | Mohawk Electrical System, Inc |
| **Маса** | 1,6 kg |
| **Должина** | 216 mm |
| **Широчина** | 38 mm |
| **Калибар на топчињата** | 3,2 mm |
| **Број на топчињата** | 700 |
| **Почетна брзина** | 1.218 m/sec |
| **Ефективен дострел** | Околу 50 m |
| **Максимален дострел** | 250 m |
| **Експлозивно полнење** | Ц4 со маса од 680 g |
| **Детонирачки механизам** | М4 |

конечниот производ. Мината „М18А1 Клејмор“ има хоризонтално конвексно зелено пластично куќиште. Обликот е развиен преку експериментирање за да се обезбеди оптимална дистрибуција на фрагменти во опсег од 50 m. На куќиштето се врежани зборовите: „Кон непријателот“. Едноставниот отворен нишан на горната површина овозможува насочување на мината. Мината ја поддржуваа два пара ногарки во форма на ножици, прикачени на дното, и тие овозможуваат таа да биде насочена вертикално. Од двете страни на нишанот има отвори за детонатори поставени под агол од 45 степени. Внатрешно, мината содржи слој од експлозив „Ц-4“ зад матрица од околу седумстотини челични топчиња со дијаметар од 3,2 mm поставени во епоксидн„а смола. Кога се активира мината М18А1“, експлозијата ја придвижува матрицата напред, надвор од мината со брзина од 1.200 m/sec, истовремено распарчувајќи ја на одделни фрагменти. Челичните топчиња се проектираат под агол од 60° по хоризонтала и 3° по вертикала со дострел од 50 метри. Силата на експлозијата ги деформира релативно меките челични топчиња кои се умерено ефективни до 100 метри. Фрагментите можат да патуваат до 250 метри. Оптималниот ефективен дострел е 50 метри, при што се постигнува оптимална рамнотежа помеѓу смртоносноста и покриеноста на површината, со

веројатност за удар од 30% на целта со големина на човек.
Мината „Клејмор“ доаѓа во платнена торба која тежи околу четири килограми со сите компоненти, вклучувајќи ја мината, уредот за палење и калем со минерски кабел со должина од 30 метри.
Една од позитивните карактеристики на „Клејмор“ е нејзината  флексибилност. Војниците можат да ги поставаат минитe околу периметарот на позицијата и да ги детонираат од далечина ако е потребно, за да спречат инфилтратори или можат да ги користат за да попречат патеки, со цел да го сопрат непријателското движење и да ги нарушат напорите за снабдување или засилување. Исто така, овие мини можат да се поврзат сериски или да ги зајакнат другите мини за поефикасно покривање на поширока област. Поставувањето и употребата на мината „Клејмор“ е ограничено единствено од лукавата генијалност на војникот.
Контролираната детонација може да се постигне со употреба на електричен или на неелектричен систем за палење. Кога мините се користат контролирано, тие се третираат како индивидуално оружје и се пријавуваат во планот за оган на единицата. Тие не се пријавуваат како мини но, сепак,  единицата која ги поставила мора да се осигура дека мините се отстранети, активирани или се предадени на единица за деминирање.
Уредот за активирање „М57“ е вклучен со секоја мина. Кога мините се поврзани заедно, еден уред за активирање може да иницира неколку мини. Мината може да се активира и со кој било детонатор.  Мината ја произведуваат во: Велика Британија, Чиле, Кина, Канада, Финска, Унгарија, Италија, Пакистан, Филипините, Полска, Русија, Саудиска Арабија, Србија, Јужна Африка, Јужна Кореја, Шведска, Турска и Виетнам.
Секако, ниту оваа мина не е без мани. Релативно, има малку места каде што таа може со сигурност да се постави, а противникот да не насети дека таа може да биде тука. Не може да се лансира од некое возило или да се исфрлува од хеликоптер, туку секогаш мора да се постави рачно. Бидејќи принципиелно се активира со далечински електричен детонатор, потребно е блиско присуство на извршителот што, пак, е поврзано со тактичките постапки како што се заседи и слично, кога противникот е значително повнимателен. Се јавуваат проблеми и кога се поставува за да се активира на потег, така што може да биде активирана од некое животно или, пак, на потезната жица може да падне гранка и слично. Деминирањето, исто така е опасно, бидејќи секогаш може да биде комбинирано со други противпешадиски мини.

Александар Стојчевски



# Албанското оклопно возило „SHOTA“

На 20.6.2024 година на Саемот за наменска индустрија „Eurosatory 2024“ во Париз (Франција), албанската компанија „Timak“ го претстави нивното прво MRAP (Mine Resistant Ambush Protected) оклопно возило. Возилото е развиено со поддршка на министерството за одбрана на Албанија, а проектанскот тим се жени инженери од компанијата Timak. Подтикот за развој на ова возило се искуствата согледани од војната во Украина, воедно и намалување на зависноста на воена опрема од други држави, а јакнење на својата индустрија. Возилото „Shota“ е базирано на подвозјето од возилото „форд F-550“, кое е опремен со 6-цилиндричен мотор со 6210 кубика. Возилото „Shota“ е долго 6,5 m, широко 2,68 m и високо 2,1 m, а тежината му изнесува 8 тони. Во него е сместен екипаж од двајца членови, а во транспортниот оддел има седишта за 8 лица. За потребите на екипажот и војниците се вградени специјални седишта кои овозможуваат заштита од експлозија. Од опрема возилото има вградено чекрк за извлекување со можност за влечење товар до 12 тони, влечна кука која може да влече товар од 13 тони, пребарувачко светло, на кровот поседува отворена окопена борбена купола (или друго по желба на корисникот), 12 V дигитален систем за управување со батерии, систем за видеонабљудување и надзор, комуникациски системи, навигациски систем, климатизација и греење и друга опрема. MRAP возилото „Shota“ е заштитено со Armox Advanced 9 mm оклоп, со ниво на заштита BR7, нудејќи заштита од куршуми 7,62×39mm на 30 метри далечина кои се движат со брзина од 695 m/s. Возилото е опремено со балистички стакла со дебелина од 56 mm. На возилот може да се постави и дополнителен оклоп.
Дното на возилото е во облик на „V“, за да ги ублажи ударните бранови од експлозии на мини и вклучува напредни материјали за балистичка заштита. За заштита од гранати и нагазни мини возилот издржува експлозија од 6 kg противтенковска мина, поседува заштита ниво 2а од притисокот на експлозија на мина која ќе се активира под кое било место тркало или патос, заштита ниво 2b од експлозија на мина централно под шасијата, заштита ниво 2c од 25 kg ТНТ при странична експлозија, заштита на ниво 3а од експлозија на мина активирана под тркало или патос и овозможува кружна заштита од експлозија на артилериска граната со калибар од 155 mm (HE) на далечина од 80 метри.

Ивица Дамески

# Конверзија на топот 130 мм „М46“ во топ 155 мм/45



Топот 155 мм/45 се произведува во наменската индустрија „Југоимпорт СДПР“ во Р. Србија. Како основа за конверзија, развој и надоградба на овој топ е земен топот „М46“ со калибар од 130 мм

Конверзијата од 130 мм на 155 мм калибар, всушност се состои од комплетна замена на системот на вооружување на топот (цевка, противповлекувачки уред и останати склопови). Оваа верзија на топот може да ја користи целокупната стандардна НАТО муниција со калибар 155 мм, вклучувајќи ги и современите артилериски проектили со зголемен дострел HE ERFB (30 км) и HE ERFB-BB M03 (39 км). Обемот на конверзијата (замената и редизајнот) се состојат во следниве главни зафати и клучни промени:

- замена на цевката 130 мм со нова цевка со калибар 155 мм/45 со нов склоп на задник со затворач и нова гасна кочница (со две комори);
- редизајниран е противповлекувачкиот уред (повратникот и хидрауличната кочница);
- новиот дизајн на затворачот вклучува и интеграција на систем кој користи и согорливи барутни полнења;
- новиот нишански систем е приспособен на НАТО поделбата 1/6400;
- нов пневматски потиснувач за проектилите и барутните полнења;
- имплементиран е и систем за управување со огнот до ниво на орудие, односно до ниво на командир на одделение.

Во споредба со топот „М46“, модернизираната верзија од 155 мм ги има следниве предности:

- дострелот на орудието е зголемен за 34%;
- ефикасноста на целта е зголемена за 260%;
- за 330%;
- компатибилен е со целата стандардна НАТО муниција 155 мм;
- ги има истите основни работни перформанси, како и поголемиот дел на орудија од 155 мм;
- има многу помала цена на чинење во однос на комплетно новите орудија и системи.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТОПОТ 155 мм/45 | | |
|---|---|---|
| **Ознака на топот** | 155мм/45 | |
| **Послуга** | 1+8 | |
| **Калибар на цевката** | 155 mm | |
| **Должина на цевката** | 45 калибри | |
| **Дострел** | 30,3 km (со HE-ERFB проектил)<br>39 km (со HE-ERFB-BB M03 проектил) | |
| **Муниција** | Сите видови на муниција 155 мм во согласност со НАТО стандардите | |
| **Типови на муниција кои може да се користат** | Проектил | Запалка |
| | HE M1 07 | PD 557 |
| | Осветлувачки M1 18 | MTSQ M501 |
| | Чаден, бел фосфор, M110 | UTIU M02 |
| | HE ERFB M03 | UTIU M02 |
| | HE ERFB-BB M03 | UTIU M02 |
| **Должина** | 11170 мм | |
| **Ширина во маршевска положба** | 2400 мм | |
| **Висина** | 2650 мм | |
| **Тежина** | 8428 кг | |
| **Систем на полнење на муницијата** | Рачно и полуавтоматски | |
| **Хоризонтално поле на дејство** | по 25 степени лево и десно | |
| **Вертикално поле на дејство** | - 2 до + 45 степени | |
| **Подигнување и спуштање на краците** | Рачно и со помош на хидраулика | |
| **Клиренс** | 400 мм | |
| **Брзина на гаѓање** | 3 проектили за 1 минута | |
| **Непрекината стрелба** | 60 проектили во првиот час на гаѓање | |






















# Ордени и медали на Македонија

Доделувањето на медалите и ордените се посебен дел од функционирањето на државата. Првиот обид за воведување ордени во Република Македонија бил во 1995 година, кога било предвидени да се воведат шест ордени, четири медали, повелба и плакета. Во 2002 година е донесен Законот за одликување и признанија на Република Македонија, според кој Р.М. има пет ордени, две медали и една повелба. Во 2012 година се додадени уште три медали. Покрај медали и ордени, во нашата држава се доделува и Илинденска споменица и други државни награди.

**Орден на Република Македонија**
Орденот на Република Македонија се доделува на најистакнати личности кои имаат посебни заслуги во остварувањето на сувереноста и независноста на Република Македонија, кои придонеле за развивање и зацврстување на соработката и пријателските односи со други држави и придонеле за афирмирање на земјата во сите сфери на општествениот живот. Одликувани со овај орден се: Киро Глигоров – првиот претседатател на Република Македонија, одликуван во 2005 година; претседателот Борис Трајковски во 2005 година, посмртно одликуван; МАНУ во 2007 година, за научно-истражувачка работа; Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во 2007 година за научно-наставна дејност и афирмација на демократксиот развој на државата; Македонската православна црква во 2007 година, како стожер за национално и духовно опстојување и чување на националниот идентитет. Со ова одликување, постхумно е одликуван и Методија Андонов-Ченто во 2011 година, како прв претседател на македонската држава и на Президиумот на АСНОМ.

**Орден „8 Септември“**
Орденот „8 Септември“ се доделува за вонредни заслуги на личности и организации за исклучителен придонес за развивање и зацврстување на пријателски односи и мирољубива соработка со други држави; за придонес, развој и афирмација на меѓунационалните односи и за извонредни дела и заслуги на полето на безбедноста и одбраната на земјата.

**Орден „Илинден“**
Орденот „Илинден“ се доделува за заслуги во борбите за национално и социјално ослободување, за исклучителен придонес, за државно-правен и општествен развој и за зајакнување на односите на заедниците во Република Македонија. Орденот е редизајн според Илинденската споменица.

**Орден за заслуги за Македонија**
Орденот за заслуги за Македонија им се доделува на сите оние кои со својот ангажман придонеле и направиле врвни отварувања во кој било домен од општествениот живот на земјава.

**Орден за воени заслуги**
Орденот за воени заслуги е наменет за припадниците на безбедносните сили на Република Македонија, за нивните успеси кои ги постигнуваат на тоа поле.

**Медал за заслуги за Македонија**
Медалот за заслуги за Македонија се доделува на физички и правни лица за развој и афирмација во сите области на животот и работата во земјава.

**Медал за храброст**
Медалот за храброст им се доделува на припадници на безбедносните сили за искажана лична храброст и самопрегор на полето на одбраната или за заштита на човечки животи или материјални добра во опасни ситуации.

Васе Митреска




# Едрилица „Чавка“

После 1936 година воздухопловното едриличарство на македонскиот простор доживувало перманентен раст и развој. Таквиот напредок бил видливо потврден и преку сè помасовното членство на аероклубот, во насока и со желба за летање

За развојот на воздухопловното едриличарство голем придонес и поддршка давале кралските воени воздухопловни структури, како и разбирањето на Скопската градска управа. Оваа сесрдна поддршка доаѓала и заради фактот што воздухопловното едриличарство станало сигурен извор за кадровска селекција на идните воени пилоти. Имало многу кандидати за пилоти на едрилици на целиот простор на тогашната кралска држава, но недостасувале воздухопловни едрилици од домашно производство.
Во таа насока, главниот инженер на тогашната едриличарска задруга „Утва“ од Панчево, Иван Шоштариќ, започнал проект на едноставен планер - едрилица за обука на пилоти. Било планирано овој проект главно да биде изработен од домашни материјали. Задругата, којашто во 1939 г., била трансформирана во акционерско друштво, веќе имала искуство со производството на лиценцираниот планер „Саламандра“. Во 1939 г., проектот на новиот планер бил претворен во реалност. Бил произведен првиот сопствен, домашен планер, именуван како „Чавка“. Истакнувајќи ги своите прототипски квалитети, веднаш било пристапено и кон сериска изработка на 10 примероци од истиот. Тие се произведени во текот на 1939 г. и на почетокот на 1940 година. Непосредното користење покажало завидни летачки карактеристики, исто како и конструктивното решение.
Кон крајот на 1939 г. еден од овие планери-едрилици е откупен и од аероклубот во Скопје. Од Панчево, преку Белрад, бил транспортиран со железница, во расклопена форма. Како таков бил преземен од скопската Железничка станица, од страна на членови на Аероклубот и со арабаџиска кола (товарна дрвена кола, влечена од коњи) бил пренесен до хангарот на тогашниот аеродром на Зајчев Рид. Почетокот на експлоатацијата, односно летањето со едрилицата „Чавка“ ја покажала огромната радост кај тогашните едриличари. Таа радост била до толку поголема затоа што со неа можеле да се „работат“ и основни акробации. Меѓу првите коишто ги испробале нејзините акробатски можности биле Љубомир Тевчев и Славко Димитровски. Уште позначаен е и податокот дека благодарение на летачките карактеристики на оваа едрилица брзо се зголемувал и бројот на носители на Ц-едриличарската значка со диплома. За да се освои Ц-значка било потребно претходно да се биде носител на „А“ или на Б-значка. Покрај тоа, според тогашните правила, требало да се остварат најмалку три слободни летови на „падина“, со времетраење од најмалку 5 минути и еден лет со едрење (слободно летање) над точката над којашто е „откачена“ едрилицата, односно планерот. Докажаните конструктивни, градбени и летачки карактеристики, сами по себе условиле таа да продолжи да се произведува и користи и после Втората светска војна, кога е произведена во повеќе од 200 примероци во тогашната држава.
Гледајќи ја целокупната конструкција и можностите на едрилицата „Чавка“, јасно е видливо дека проектантот ја исполнил својата замисла да се направи едноставна и „евтино“ изградена едрилица со добри летачки квалитети, блиска до барањата за масовниот развој на едриличарството во тоа време. Конструкцијата била едноставна, изградена од мешовит материјал. Биле употребени греди од смрека, дрвена лепенка (шпер-плоча), ленена ткаенина и клучни метални елементи и „плетени“ жичени сајли. Трупот бил формиран со централна дрвена греда како кутија, чијшто пресек овозможувал значителна цврстина. На предниот дел на гредата, конзолно била прицврстена гондолната пилотска кабина. Таа била финално оформена со попречни дрвени ребра, односно рамки и надолжни греди облепени со шпер-плоча. Пилотската кабина ја нарекувале „гондола“, бидејќи наликувала на италијански чамец.
Во внатрешноста на таквата кабина – гондола, непосредно под крилото, било вградено дрвено пилотски седиште, а пред него се наоѓала и управувачката палка. Во издолжениот преден дел биле вградени ножните команди за управување со вертикалниот стабилизатор. Сите управувачки



Едрилица „Čavka", цртеж: Ѓ. Чачкиров

дрво. Сите елементи биле поврзани и залепени на конструктивните ребра. Целата конструкција на крилото била обвиткана со импрегнирана ленена ткаенина. Двете страни на крилото биле потпрени со коси метални носачи, поврзани со долниот дел на кабинската гондола и со дополнително прицврстување со метални сајли. Истиот принцип на прицврстување е применет и кај хоризонталниот стабилизатор. И двата стабилизатори биле конструктивно изведени, исто како и крилото.
Оваа мошне ценета едрилица, на македонскиот простор доживеала голем број летови реализирани со автомакара (автовитло) или со аерозапрега (влечење со авион). Сите нејзини перформанси одговарале соодветно на режимот на летање, како при полетување така и при термичкото едрење или при акробации, а посебно при слетувањето. За тоа говорат и карактеристичните летачки брзини. Максималната дозволена брзина за летање на едрилицата била 120 км/час, а минималната брзина 41,7 км/час. Оптималната брзина на летање била од 52 до 55 км/час. Димензионално, должината на трупот на едрилицата изнесувала 6,6 метри. Распонот, односно растојанието на крилата било 12,7 метри, а вкупна површина била 16,7 м2. Височината на хоризонтално поставена едрилица изнесувала 2,00 метри. Сопствената тежина – маса на едрилицата изнесувала 115 кг, а максимално дозволената тежина

команди биле придвижувани преку плетени челични јажиња. Пред отворот за влегување во кабината бил поставен ветробран изработен од плексиглас. Во внатрешноста на кабината имало само основни пилотски инструменти. На горниот, испакнат дел на пилотската кабина, којашто била цврсто поврзана со предниот дел на главната носечка греда, било поставено крилото. На долниот дел од гондолната кабина била прицврстена дрвена скија под која имало цилиндрични гумени амортизери. На завршетокот на истата носечка греда биле поставени вертикалниот и хоризонталниот стабилизатор, како завршеток на трупот. На тој начин фиксниот - неподвижен дел на вертикалниот стабилизатор, претставувал завршеток на носечката греда и на самиот труп. И двата стабилизатори биле конструктивно изработени од дрвени греди, составени со меѓусебно лепење и дополнително зацврстени со мали дрвени лепенки. Финално, стабилизаторите биле обвиткани со импрегнирана ленена ткаенина. Составите на подвижните со неподвижните делови кај стабилизаторите и кај крилцата биле изведени со метални „ментеши" – шарки. Крилото на едрилицата, според својот облик, во централниот дел




имало правоаголна форма која на краевите добивала форма на трапез. Завршетоците на трапезниот дел биле соодветно заоблени. Целокупната конструкција на крилото била изработена од дрво и платно. Имала нападен дрвен раб, зајакнат со дрвена лепенка, а конструкцијата била продолжена и на централниот составувачки дел на крилото. Потоа следеле носечката греда – раменица и излезниот раб од

при полетувањето изнесувала 205 килограми.
Според евиденцијата во мојот аеродневник, оваа едрилица-планер имаше најдолг век на користење во македонските аероклубови. Таа беше во летачка употреба сè до почетокот на 1960-тите години. Оттука, не е ни чудно што за неа имам забележано уште голем број податоци и оригинални фотографии.

Ѓорги Чачкиров



# Воениот историски музеј „Пиештани“

Воениот историски музеј во Пиештани е посветен на зачувување на историјата на војската на Словачка, со тежиште на техниката која е користена од страна на нејзините припадници. Музејот е сместен во градот Пиештани, во западниот дел на државата, во поранешна воена база на војската на Словачка, па оттука го добил и своето име

На 25 септември 2004 година музејот е официјално отворен за посетители, откако поголемиот дел од колекцијата од која е сочинет музејот е донесен од изложбената поставка од Трепчин. Колекцијата на музејот е составена од околу 10.000 различни артефакти, од кои повеќето имаат источно потекло. Артефактите се од различен тип и варираат од големи експонати како авиони, хеликоптери, тенкови и транспортери, па се до помали како униформи, знамиња и ознаки. Историскиот распон кој го покриваат експонатите е од 1945 година па до 1992 година. Самиот музеј е поделен на три затворени објекти и на една надворешна постапка. Севкупната површина што ја зазема музејот изнесува нешто повеќе од 41.000 м2. Покрај изложбениот дел, во склоп на музејот има и објект каде што се складирани останатите експонати кои се во процес на реставрација.

Во музејот се поставени две главни постојани поставки: вооружувањето на армијата во периодот од 1945 до 1992 година и поставката посветена на униформите и опремата која се користела од 1848 година до 2020 година. Веднаш после влезот во музејот, од десната страна, е сместен хангарот/изложбениот објект број „три“ во кој се изложени тешкото вооружување, тенкови и оклопни возила. Од десната страна, веднаш после влезот, се изложени неколку возила со голем габарит како што се носители на ракети со краток и среден дострел: „9К714 OKA SS 23 SPIDER“, амфибиски возила како „GSP-55“, ровокопачи, подвижни работилници и други возила. Во хангарот каде што се изложени тенковите и оклопните возила се наоѓаат и средствата од источно потекло, а во галеријата се изложени неколку верзии на БМП, тенковите „Т-72“, „Т-55“, неколку модели и верзии како што се „Т-55 АМ2“, „Т-55 АМ2К“,  „ТЗИ“ (тенк за извлекување) идруги верзии. Во еден дел од хангарот е поставен и пресек на тенкот „Т-72“ со пресек на функционалните делови и склопови. Покрај тенковите и



транспортерите, изложени се и неколку самоодни хаубици како 122 мм „2S1 Гвоздика“, самооден минофрлач 240 мм „2S4 Tulip“, полугасеничари и други хаубици. Самиот музеј има вградено интерактивни дисплеи на допир кој се на словачки и на англиски јазик, на кои се опишани карактеристиките на изложените артефакти. Покрај тоа, дел од вработените, кои се поранешни вработени во армијата а сега се пензионирани, работат како кустоси кои им даваат појаснување на посетителите. Помеѓу хангарот број „три“ и „два“ се поставени на статичка изложба неколку инжинериски возила. Во вториот изложбен објект е поставена различна техника од повеќе видови, и тоа артилериски орудија, помошни возила, ПВО-системи и друга техника.

Помеѓу вториот и првиот изложбен објект има поставка во полуотворен хангар во кој се изложени различни видови на транспортни средства како камиони со различна тонажа, лесни возила, земски агрегати и други возила. Како централен дел на музејот, воедно и најдоминантен, е поставката посветена на авијацијата, користена од страна на Словачкото воено воздухопловство низ годините. Овој дел е поделен на два дела, на надворешна и на внатрешна поставка.  Во внатрешната поставка се поставени неколку воздухоплови од различни периоди на историјата. Карактеристични воздухоплови кои се изложени се: „СУ-25К“, изложен со комплетно вооружување, „СУ-22 УМ“, „МИГ- 23МЛ“, „МИГ-21 МФ“, кој е дополнет со посебно поставен пресек на моторот кој се користи во авионот, „АЕРО Л-29“, „АЕРО Л-39 Албатрос“ и други. Изложените големи експонати кои се во затворените објекти/делови на музејот се надополнети со диорами. Надворешната поставка со воздухоплови е поставена на поранешното стојалиште на воздухопловната база. Воздухопловите се поставени во форма на буквата „П“, а во друг, одвоен дел се изложени артилериско-ракетните системи.
Во делот посветен на авионите и хеликоптерите се изложени неколку примероци на „СУ-22“, „МИГ-21“, дел во кој посетителите може да влезат, потоа „АВИА С-92“, „ИЛ-28“, „АН-24“, „МИГ-19“ и други модели на авиони. Од хеликоптерски примероци изложени се: „МИ-24“, „МИ-17, МИ-8“, „МИ-2“ и други. Артилериско-ракетните системи се претставени со неколку примероци: „2К12 Kub“, „S-400“, „Buk M-2“, „2К11 Krug“, „S-75 Dvina“ и други системи.
Под музејот „Пиештани“ е и изложбениот парк „Свидик“ во кој се изложени воени експонати кои ја опишуваат словачката армија во периодот од 1912 до 1945 година.
Работното време на музејот е секоја ден од 10.00 до 13.00 часот, со исклучок во понеделник кога е неработен ден. Во деновите кога се државни празници, исто така музејот е затворен за јавноста. Цената на билетот за влез е само едно евро за возрасните посетителите, додека за студентите и за пензионерите билетот изнесува само половина евро. За деца под 15 години и за воени лица посетата е бесплатна. Вообичаено, за посета на музејот е потребен еден час, до час и половина.

Златко Блажески



# Традиционален Илинденски марш

На 2 Август, во рамките на долгорочните програмски определби на Организацијата на резервни офицери за негување на слободарските традиции од подалечното и поблиското историско минато, а по повод 121 година од Смилевскиот конгрес, 121 година од Илинденското востание, 80 години од Првото заседание на АСНОМ, 80 години од ослободувањето на Демир Хисар и 82 години од првата борбена акција на Битолско-преспанскиот партизански одред „Даме Груев, ослободување на Смилево“, Општинската организациона единица на Организацијата на резервни офицери на Република  Македонија од Демир Хисар го организираше традиционалниот марш „По врвиците на илинденците". Маршот се реализираше на релација Манастир „Свети Јован Крстител“ во Претеча  - Манастир „Св. Илија“ во село Лесково - Манастир „Св. Петар и Павле“ во с. Смилево - Меморијален комплекс „Даме Груев“ (спомен-парк над селото Смилево).

На овој марш во должина од 18 километри, кој се одвива по исклучително тежок терен и изискува поголеми психофизички напори, учествуваа и претставници од ООЕ на ОРОРСМ од Кичево и Битола.

Значајно е да се истакне дека, делегација на ООЕ на ОРОРСМ од Демир Хисар, предводена од претседателот Валентина Талевска, положи свежо цвеќе пред спомен-костурницата на Даме Груев и пред спомен-плочата посветена на АСНОМ и НОБ во с. Смилево, како и пред споменикот на Даме Груев во Меморијалниот комплекс (спомен-паркот), каде свежо цвеќе положија и учесниците на традиционалниот марш.



За организирањето на Илинденскиот марш, градоначалникот на Демир Хисар, Никола Најдовски, во знак на благодарност за придонесот во одбележувањето на оваа културната манифестација посветена на четири големи историски настани, на Општинската организациона единица на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија од Демир Хисар и додели Благодарница.

# Почит на загинатите бранители кај Карпалак

На 7 и на 8 август, по повод 23 години од најкрвавиот масакр во поновата македонска историја во вооружените дејства во 2001 година во кои загинаа 10 македонски бранители кај месноста Карпалак, сите припадници на единицата од резервниот состав на Армијата од Прилеп, делегација на Општинската организациона единица на Организацијата на резервни офицери на Република Македонија од Прилеп, предводена од претседателот Сашо Димовски, придружуван од секретарот Дејан Цоковски и членот на Извршниот одбор Жарко Велески, положи свежи цвеќиња пред спомен-обележјата подигнати во нивна чест.

Во чест на десетмината убиени бранители во заседа кај Карпалак: Сашо Китаноски, Нане Наумоски, Веби Рушитоски, Бранко Секулоски, Марко Деспотоски, Горан Миноски, Љубе Грујоски, Ердован Шабаноски, Пеце Секулоски и Дарко Вељаноски,  на 7 август беше положено свежо цвеќе пред спомен-обележјата во центарот на Прилеп и во касарната „Мирче Ацев“, како и на нивните вечни почивалишта, додека на 8 август, делегација на ООЕ на ОРОРМ од Тетово, предводена од



претседателот, м-р Радислав Коруноски, положи свежо цвеќе пред спомен-плочата поставена на местото на нивното загинување на Карпалак.

# Почит  за загинатите кај Љуботенски Бачила

На 10 август, по повод 23 година од загинувањето на осумтемина македонски бранители кај Љуботенски Бачила, кога нивното возило тој кобен 10 август 2001 година нагази на две противтенковски мини, две делегации на Организацијата на резервни офицери на Македонија, една на републичко ниво и една на Градската организациона единица Скопје, во знак на почит положија свежо цвеќе пред нивните спомен-обележја во селото Љубанци и во касарната „Илинден“ во  Скопје.            Делегацијата на Републичката организација на резервни офицери ја сочинуваа Јован Букревски, Тони Мицевски, Киро Томиќ и Златко Илиевски, додека делегацијата во име на Градската организациона едница на Скопје ја предводеше секретарот Гоце Јовановски, кој беше придружуван од Денис Сејди и Дејан Ристовски.

Со положувањето цвеќе од страна на делегациите, им беше оддадена почит на осумтемина загинати бранители: Гоце Чанкуловски, Бранко Јанев, Томислав Настевски, Томе Бадаревски, Ивица Златевски, Томе Димовски, Марјанчо Бошковски и Раде Јанковски.

Почит кон загинатите бранители со положување свежо цвеќе беше оддадена и од високи државни делегации, од Министерството за одбрана и Армијата,



семејствата на загинатите бранители, од локалната самоуправа и  од неколку здруженија на граѓани од областа одбраната и безбедноста.

Тони Мицевски





Мирко Ладомиров Милески-Урош е македонски народен херој од НОВ, кој во нерамноправна борба, кога останал сам, се разнел со бомба за жив да не падне во рацете на непријателот

# Мирко Ладомиров Милески-Урош

Мирко Ладимиров Милески е роден во селото Попоец, Кичевско. Потекнувал од повеќечлено сиромашно семејство кое главно се занимавало со земјоделство. Мирко Ладомиров уште во раните детски години го вкусил мачниот селски живот, работејќи и најтешки земјоделски работи. Основно училиште завршил во селото Извор и, бидејќи бил бистар и надарен за учење, ги освоил симпатиите на учителите кои ги наговориле татко му Ладомира и мајка му Тодора, по секоја цена нивниот син Мирко да го продолжи школувањето во тогашната гимназија во Охрид. И во гимназијата Мирко бил одличен ученик, што му овозможило да добие стипендија од државата за продолжување на школувањето во класичната гимназија во Белград каде што ги изучувал францускиот и италијанскиот јазик. Во Белград ги направил првите контакти со напредното движење, зачленувајќи се во Урсовите синдикати, а во 1941 година учествувал и во мартовските демонстрации против потписниците на Пактот за припојување на Југославија кон Оската (Тројниот сојуз).
По априлскиот напад на Германија на Македонија во 1941 г., Мирко го напуштил Белград и се вратил во својот роден крај кој веќе бил окупиран од Италија, а цивилната власт била предадена на албанските квислинзи. Во Тетово тој го завршил и шестиот клас гимназија и како добар познавач на италијанскиот јазик станал преведувач во Карабинерската станица во селото Извор. Иако бил на работа кај италијанските власти, неговата активност и работа во НОД била сè поголема и повидлива, бидејќи есента 1941 г. станал член на Партиската селска организација во Кленоец. Тогаш добил партиска задача да работи со Италијанците и да прибира и доставува податоци. Лажно преведувајќи и толкувајќи, често ги наведувал властите на погрешен пат и не дозволил да има поткажувачи. Италијанците почнале да се сомневаат, но Мирко не дозволил да биде фатен, туку веднаш се повлекол во илегала, работејќи низ Копачијата. Во 1942 г. учествувал во подготовките на неколкудневниот штрајк на патарските работници, што е прв штрајк во услови на окупација, со цел да се провери подготвеноста на народот за борба. Пролетта 1943 г. Мирко веќе бил во составот на Првиот кичевски партизански одред „Козјак“, а потоа и во првите редови на Кичевско-мавровскиот одред кој бил формиран на 21 мај 1943 г. Со Одредот учествувал во нападот на Карабинерската станица во селото Сливово , во нападот на возот на Пресека и во други вооружени акции. Тој бил храбар и самоиницијативен. Само со неколку свои другари ги нападнал непријателските магацини за жито во селото Арбиново, а летото 1943 година, со уште еден свој другар, незабележано се спуштиле со вагонетка од Пресека во селото Извор и ја нападнале албанската општина, им го зеле оружјето и муницијата на службениците и се вратиле во Одредот.
При првото ослободување на Кичево, Мирко, кај партизаните познат под името Урош, влегол во градот заедно со своите другари од Кичевско-мавровскиот партизански одред на 11.9.1943 г. По извршената реорганизација на партизанските единици, Мирко, во улога на комесар на чета, од Кичево бил испратен како претстража на планината Буковиќ за да ја одбрани слободната територија. На 1 октомври 1943 г. неговата чета била нападната од балистичките банди предводени од Германците. Започнала нерамна борба на таа мала младинска чета од триесетина момчиња против пет-шест илјадната балистичка војска. Целата чета на комесарот Мирко погинала, бранејќи ја слободната територија, а младиот комесар најпосле се самоубил со бомба, не сакајќи да падне жив во рацете на непријателот.
За народен херој бил прогласен на 8 октомври 1953 година. Неговото име со гордост го носи ОСУ „Мирко Милески“ во Кичево. Неговото име е запишано со златни букви во македонската историја како македонски херој кој го положи својот млад живот на браникот на слободата за татковината.

Антоанела Димитриевска



# Нострадамус од Бразил

За прв пат откако постојат пишани траги за она што се случува под „капата небесна“, годинава, која веќе влезе во втората половина, во светот се огласи само еден пророк наречен Нострадамус од Бразил. Човекот се вика Атос Саломе, има 36 години и веќе објави 14 пророштва „што некој од некаде му ги праќа, а тој ги забележува, со цел да го предупреди човштвото на лошите работи што ќе му се случат...“

Светот веќе е запознаен со сите библиски пророци, од кои Исаија, Јеремија Езекеил и Даниел го предвиделе она што ќе се случи два и три века подоцна. И тоа навистина се случило, почнувајќи од прогонот на Евреите, доаѓањето на Исус, појавата на Кир и Александар Велики. По нив, низ времето, пророците никнувале како печурки после дожд, но со пророштво се јавувале откако тоа што го виделе денес се случило минатата година. Мала отстапка од таа практика е појавувањето на Мишел Нострадамус, францускиот надри лекар и алхемичар. Тој, во далечната 1551 година составил мала збирка стихови, пророштва, а бидејќи биле пишувани на повеќе јазици, имало и различни толкувања. Користејќи го тој факт, стотина толкувачи на делото на Нострадамус, секој неверојатен или епохален настан го пронаоѓале во стиховите на Мишел. По појавата на пишаните медиуми, пророштвата се приспособени на потребите на времето, односно на одредени општествени групации. Во дваесеттиот век пророштвото на настани во блиска и подалечна иднина е подигнато до степен на научна дисциплина. Отстапување од таа прктика ќе се случи со појавата на струмичанката Баба Ванѓа, којашто е бугарски национален „бренд“ и последна вистинска јасновидка. Нејзиното гледање во иднината секогаш имало живи сведоци и било поврзано со поединци коишто предвидувањата ги доживувале понекогаш многу брзо, а некогаш за една година, па дури и повеќе, токму тоа што таа им го предочила при директна средба со неа.

**Чекајќи да падне небото**

Библискиот пророк Јован Благословот-Златустиот го предвидувал крајот на светов. Интересно е дека апокалипсата ја најавувале луѓе од пустините, луѓе со ментално нарушена свест, вешти измамници, но и познати научници.

## Грешките во предвидувањата на толкувачите на Нострадамус

Почнувајќи од почетокот на овој милениум, немало година во која модерните јасновидци не се повикувале на Нострадамус и на Баба Ванѓа, тврдејќи дека тие третата светска војна ја предвиделе токму за тековната година. Предминатата Нова година во светот се објавени стотина прогнози дека третата светска војна ќе се случи годинава. На прогнозерите им остануваат уште четри месеци надеж но, според актуелните настани во светот, како и векови наназад, нивното пророштво ќе остане во архивите само како сведоштво дека иднината и понатаму останува надвор од човековиот разум.





Почнувајќи од 1600 година, крајот на светот секогаш бил поврзуван со крајот на милениумот или за време на катастрофални појави како земјотреси, големи поплави и пожари. За наша среќа, јасновидците секогаш не давале прецизни прогнози, така што небото останува таму каде што е од искона до денес. Во ерата на молскавичен процут на комуникациски помагала и медиумска сензанционалност, па до појавата на КОВИД-19, во светот беаа промовирани стотина нови „Настрадамуси и Баба Ванѓи“. Речиси и да нема земја во која, почнувајќи од почетокот на 20 век, а да не се појавил пророк што пред повеќе години предвидел убиство на Франц Фердинанд, појавата на Хитлер, кризата околу Заливот на свињите, убиството на Џон Кенеди, нафтената криза, распадот на Југославија, потоа претседател на Америка од црната раса и така натаму. Зад сите тие пророштва стојат конкретни личности, главно академски образовани поединци. За нивна несреќа, ниту за еден од наведените настани претходно нема пишани траги ниту сериозни сведоци. Пророците и пророштвата стануваат сериозна појава кога ќе се вклучат сериозни јавни гласила. Трчајќи по профит, водечките светски весници на ударни места ги пласираат вестите за пророштвата на настаните кои веќе се случиле.

**Саломе, модерниот Нострадамус**

Со појавата на вирусот КОВИД-19, светот преку ноќ се ослободи од претскажувачи или модерно наречени футуристи. Имено, ниту еден од нив, во ниту една земја во светот немал среќа некоја натприродна сила да му „шепне“ дека следната 2019 година светот ќе се соочи со планетарен и смртоносен вирус. Дури годинава во Бразил ќе се појави пророк кој тамошните медиуми го прогласија за „Новиот Нострадамус“. Човекот се вика Атос Саломе, има 36 години и веќе објави 14 пророштва „што некој од некаде му ги праќа„ а тој ги забележува, со цел да го предупреди човештвото на лошите работи што ќе му се случат...“ Медијумите во Бразил како едвај да дочекаа да се појави нивен човек кој ќе изјави дека има сведоци оти тој предвидел дека светот ќе се соочи со короната, но дека пандемијата КОВИД не е ништо спрема она со што светот допрва го чека. Господин Саломе на почетокот од годинава објави 14 пророштва, а меѓу нив и војната во Украина, смртта на кралицата Елизабета и, се разбира, поморот на Палестинците во Газа. За да има покритие за такво тврдење, објавува писание во кое, покрај останатото, со сигурност тврди дека светот наскоро ќе се сретне со „гневот на Бога“. „Денот ќе се претвори во ноќ, луѓето ќе почнат да полудуваат и масовно ќе се самоубиваат бидејќи Господот така ќе ги казнува за сè што сториле спротивно од неговата волја“. Самонаречениот Нострадамус не е никаков чудак, туку млад информиран човек кој знае да го искористи отсуството на јасновидци и медиумската потреба од нивните предвидувања. Така, тој уште тврди дека човештвото наскоро ќе се запознае и со вонземјани, дека некој астероид ќе падне на земјата, дека вештачката интелигенција ќе ги уништи нејзините создавачи, дека ќе се случи трета светска војна и дека САД, Африка и Блискиот Исток ќе бидат погодени од природни катастрофи.

**„Хоризон 2020“**

Модерниот пророк Саломе не е осамен во бизнисот наречен претскажување иднина, бидејќи во Европската комисија веќе постои проект „Хоризон 2020“, во кој делот наречен „Имот“, прогнозира како светот ќе изгледа во 2048 година. Во Проектот се вклучени научници од 13 европски универзитети, а автори на едни од сценаријата што е своевидна проекција на светот во иднина се ирските научници Мати Финч и Мари Махон. Нивните прогнози за таа иднина не се нималку розови, бидејќи веќе се сигурни дека сите големи светски метрополи ќе станат дом на споулавени бездомници. Оние милиони жители што не го загубиле умот ќе избегат во руралните средини, во места кои денес не се населени. За ова да не се случи, велат сценаристите на „новиот свет“, мора да се усвои нова политика, односно друг начин на политичко однесување Со други зборови, светот мора од корен да се смени, а тоа е можно само со унифицирана политика. Оној што го познава книжевното дело на Џорџ Орвел, лесно може да разбере за каква иднина се залагаат сценаристите од „Хоризон 2020“. И како во сите глобални проекти, во фокусот секогаш се климатските промени, кои се и ќе бидат главен виновник за фаталните промени во човековото битисување. Наспроти темната страна на иднината, во светот постојат закоравени оптимисти, поединци кои се убедни дека нашата цивилизација има светла иднина во која разумот ќе надвладее над мрачните прогнозери. Според нив, во наредните две до три децении, напредната технологија ќе се справи со неизлечиви болести,човечкиот век ќе биде продолжен на повеќе од сто години, дека ќе бидат избришани постоечките граници меѓу државите и друго. Како и да е, борбата помеѓу позитивните и негативните јасновидци е нерешена, но сигурно е дека над нив постои сила која ги поништува нивните пророштва, давајќи им можност непречено да ја продолжат својата мисија.

Миле Раденковиќ

# Како да се стане пророк

Американскиот писател Самуел Клеменс, алијас Марк Твен, рекол дека иднината може да се предвиди кога ќе се гледа во минатото. Тој бил во право, бидејќи откако постои светот, многу работи остануваат непроменети. Сонцето изгрева и заоѓа без оглед што мислеле Нострадамус и Баба Ванѓа. Земјотреси, поплави, пожари и војни се константни стихии низ човековата историја и никој нема да погреши ако тврди дека во иднина овие појави ќе се повторат. Меѓутоа, после Христа не се родил човек што прецизно го видел она што ќе се случи утре, а што не е природна појава на која само човекот може делумно да влијае.





# Бенџамин Вест, генијалниот автодидакт

Бенџамин Вест е британско-американски уметник којшто самоук насликал познати историски сцени како што се „Смртта на Нелсон“, „Смртта на генералот Волф“, „Договорот од Париз“ и „Портетот на Бенџамин Френклин“. Роден е на 10 октомври 1738 година во Спрингфилд, Пенсилванија, во куќа која сега се наоѓа во населбата Свартмор во кампусот на колеџот „Свартмор“. Во една прилика Вест му рекол на романсиерот Џон Галт, со кого подоцна во својот живот соработувал на мемоарите „Животот и студиите на Бенџамин Вест“ (1816 и 1820 г.). Кога бил дете, Индијанците му покажале како се прави боја со мешање на малку глина од брегот на реката и мечкина маст во тенџере. Вест бил автодидакт (самоук) за сето време на кариерата. За него е забележано следново: „Тој имаше формално образование, дури и кога беше претседател на Кралската академија, едвај знаеше да пишува“. Еден ден мајка му го оставила сам со неговата помала сестра Сали. Бенџамин земал неколку шишиња мастило и почнал да го слика портретот на Сали. Кога неговата мајка дошла дома, ја забележала сликата, ја зела и рекла: „Тоа е Сали“ и го бакнала. Подоцна, тој забележал „Бакнежот на мајка ми ме направи сликар“.Од 1746 до 1759 година Вест работел во Пенсилванија, главно сликајќи портрети. Додека бил во Ланкастер во 1756 г., неговиот патрон, Вилијам Хенри, го охрабрил да ја наслика „Смртта на Сократ“, врз основа на гравура, „Античката историја на Чарлс Ролин“. Подоцна, д-р Вилијам Смит, тогаш провост на Колеџот во Филаделфија, ја видел сликата во куќата на Хенри и решил да му стане покровител на Вест, нудејќи му образование и, што е уште поважно, познанства со богати и политички поврзани жители на Пенсилванија. Во тоа време Вест го запознал Џон Воластон, познат сликар кој емигрирал од Лондон. Вест ги научил техниките на Воластон за сликање на сјајот од свилата и сатенот, а исто така усвоил некои од „неговите манири, од кои најистакнат бил да им даде на сите свои субјекти големи очи во облик на бадем, за кои клиентите во тоа време мислеле дека е многу шик“.

Бенџамин Вест бил близок пријател на Бенџамин Френклин, чијшто најпознат портрет го насликал токму Бенџамин Вест. Френклин му бил кум на вториот син на Вест. Спонзориран од Смит и Вилијам Ален, тогаш познати како најбогатите луѓе во Филаделфија, Вест патува во Италија, во 1760 година, во друштво на Шкотланѓанецот Вилијам Патун, сликар кој подоцна станал колекционер на уметнички дела. Заеднички со многу уметници, архитекти и љубители на ликовната уметност во тоа време, тој започнал гранд-турнеја. Во тој период Вест го проширува својот репертоар со копирање на делата на италијанските сликари како што се Тицијан и Рафаел, директно од оригиналите. Во Рим се сретнал со голем број меѓународни неокласични уметници, вклучувајќи ги Антон Рафаел Менгс,

роден во Германија, Шкотланѓанецот Гевин Хамилтон и Австријката Анџелика Кауфман. Во август 1763 година, Вест пристигнал во Англија, првично замислено како попатна станица на враќањето во Америка но, всушност, тој никогаш повеќе не се вратил во Америка .Во Лондон се запознал со Ричард Вилсон и со неговиот ученик Џошуа Рејнолдс. Првата слика што ја насликал во Англија е „Анџелика и Медора“, заедно со „Портретот на генералот Роберт Монкто“ и неговите „Симон и Ифигенија“, насликани во Рим. Овие слики биле прикажани на изложбата во пролетните градини во 1764 година. Вест станал познат во Англија како „Американскиот Рафаел“, благодарение на неговата слика на „Архангел Михаил го врзува ѓаволот,“ која е во колекцијата на колеџот „Тринити“ во Кембриџ. Роберт Хеј Драмонд, надбискуп од Јорк, се обидел да собере претплати за да финансира ануитет за Вест, за да може да се откаже од портретирањето и целосно да се посвети на поамбициозни композиции. Бидејќи не успеал во тоа, тој се обидел и успеал да го убеди кралот Џорџ III да му биде покровител Вест. Бенџамин Вест наскоро ја здобил довербата на кралот и двајцата воделе долги дискусии за состојбата на уметноста во Англија, вклучувајќи ја и идејата за основање на Кралска академија. Академијата била основана во 1768 година од еден од главните водачи на опозициската група формирана од постојното Друштво на уметници на Велика Британија. Во 1772 година, кралот Џорџ го назначил за историски сликар на дворот за годишна претплата од 1000 фунти. Тој насликал серија од осум големи платна кои прикажуваат епизоди од животот на Едвард III за салата Свети Џорџ во замокот Виндзор. Во 177о г. Вест ја насликал својата најпозната, а можеби и највлијателна слика, „Смртта на генералот Волф“, која била изложена во Кралската академија 1771 година. Сликата станала една од најчесто репродуцираните слики во тој период. Сликата го вратила во амбиентот на француската и индиската војна и приказот како генерал Џонсон спасува ранет француски офицер од „томахавк“ на северноамерикански Индијанец во 1768 година. Кога избувнала Американската револуција за независност во 1776 година, тој останал амбивалентен и не зборувал ниту „за“ ниту, пак, против Револуцијата во неговата родна земја. Вест станал познат по неговите големи историски слики, кои користат експресивни фигури, бои и композициски шеми кои му помагаат на гледачот да се идентификува со претставената сцена. Вест ова го нарекол „епско претставување“. Неговото дело, „Битката кај Бојн“ од 1778 година, ја прикажува победата на Вилијам од Оринџ во Битката кај Бојн во 1690 г. дело коешто силно влијаело на неговите следни слики. Во 1806 г. ја создава „Смртта на Нелсон“, за да ја одбележи смртта на Хорацио Нелсон во битката кај Трафалгар. По губењето на кралското покровителство на почетокот на 19 век, Вест започнал серија религиозни дела од големи размери. „Христос ги исцелува болните“, првично била наменета како подарок за болницата во Пенсилванија во Филаделфија но, наместо тоа, тој ја продал на Британската институција за 3.000 фунти која, пак, ја претставила во Националната галерија. Вест потоа направил копија за да ја испрати во Филаделфија. Успехот на сликата го натерала да наслика серија од уште поголеми дела, вклучувајќи ја и неговата „Смрт на блед коњ“, изложена во 1817 година. Иако првично бил изоставен од сер Џошуа Рејнолдс, претседател и основач на Кралската академија, Вест бил избран за претседател на Кралската академија после смртта на Рејнолдс во 1792 година. Во тој период тој станува жртва на „венецијанската тајна“, скандал со наводно бесправно користење на таен збир на материјали и техники што ги користеле ренесансните сликари во Венеција. Тогаш, во 1805 година, тој поднел оставка и бил заменет со жестокиот ривал, архитектот Џејмс Вајат. Сепак, Вест повторно е избран за претседател следната година и останува претседател на Академијата до неговата смрт. Во 1810 година Вест бил насликан од неговиот иден наследник, Томас Лоренс, како претседател на Кралската академија и делото „Портретот на Бенџамин Вест“ било изложено на летната изложба во 1811 година. Бенџамин Вест починал во својата куќа на улицата „Њуман“ во Лондон, на 11 март 1820 година. Тој е погребан во катедралата „Свети Павле“.

м-р Трајче Чатмов








# „1917-та“ Првата светска војна и рововите на ужасот

Тематиката на војување е непресушен извор на идеи за филмската индустрија, чие снимање не се намалува, без оглед на тоа што поголемиот број од нив се занимаваат главно со двете најголеми и најважни војни: Првата и Втората светска војна. Но, тоа не треба да нè чуди, со оглед на тоа колку длабоки траги овие војни оставиле врз човештвото. Британскиот режисер Сем Мендес, кој се прослави со филмовите „Американска убавина“, „Скајфол“ и „Спектар“, во 2019 година ни го донесе епскиот воен филм „1917-та“. Во овој филм тој го прикажува ужасот на Првата светска војна, односно рововската војна во својот полн ек. Сценариото го пишува Кристи Вилсон-Кернс, а се базира на воените приказни што му ги кажувал неговиот дедо, кому му е, всушност, и посветен овој филм. Приказната се одвива во хаосот на Првата светска војна, во Северна Франција, а главни протагонисти се двајца британски војници, Скофилд (Џорџ Меккеј) и Блејк ( Дин Чарлс Чепмен), кои мора да се сретнат со генералот Ерин Мором ( Колин Фирт).

Дејството на филмот започнува на 6 април 1917 година во Франција, во близина на Фландрија,  каде што се воделе едни од најкрвавите и најголеми битки на Западниот фронт во текот на Првата светска војна.

Двајца курири на британската војска мора да однесат порака до еден британски полк во рок од еден ден, односно до следното утро. Пораката гласи „Британците да не ги напаѓаат германските позиции бидејќи Германците веќе тоа и го очекуваат и тоа е дел од нивната замка“. Всушност, тоа го докажува и повлекувањето на Германците на петнаесет километри далечина на нови многу подобри позиции.

Утрото, двајцата Британци поминуваат низ „ничијата земја“ и полека напредуваат до првите германски ровови кои одамна се напуштени. Притоа газат преку распаднати и полураспаднати трупови на животни и на луѓе, поминувајќи низ море од кал, застоена вода и бодликави жици и можат да се видат лешеви од двете страни. Кога ќе пристигнат до напуштените германски ровови тие нема да наидат ниту на една мина, но ќе забележат дека под земјата Германците имаат создадено огромни станбени објекти и го разгледуваат подземниот простор. Едниот од нив случајно активира експлозив, но и двајцата успеваат да се извлечат живи. Кога ќе пристигнат до една фарма, британските авиони, кои летаат постојано над нив, го соборуваат германскиот авион и тој паѓа, а потоа се запалува. Двајцата Британци се обидуваат да го спасат пилотот, но тој го убива со нож едниот од нив, а другиот е принуден да го убие пилотот со пушка. Преживеаниот Британец го собираат другите британски трупи, но по некое време тој повторно се наоѓа во опасност и успева да го преживее нападот од германските снајперисти во еден запален и напуштен град. Спасувајќи се, тој се фрла во една река која го носи до местото каде што треба да дојде. Тој, кај браната создадена од срушени стебла, излегува од реката, а во реката плутаат над дваесетина лешеви на француски цивили. Откако конечно ќе го најде полкот што го бара, Британецот се пробива до првите борбени редови и таму е вистински хаос. Додека тој се





пробива да стигне до бараниот генерал, нападот веќе почнал. Посакувајќи да стигне што побрзо до заповедното место, Британецот излегува од сигурноста на ровот и трча 300 метри по „ничијата земја”. Тој успева да се пробие до генералот и да му ја предаде заповедта за ненапаѓање. На крајот го наоѓа постариот брат на другиот Британец, којшто е главен командант, и му соопштува за смртта на неговиот брат. Од неколку претходно споменати реченици во врска со дејството на филмот може да се заклучи дека филмот „1917-та“ е напнат и неизвесен филм, не само заради трката со времето, туку и поради фактот дека влогот е голем (1600 војници). Режисерот одлично ја пренесува неизвесноста на военото секојдневие – патот на војниците, исполнет со непредвидливи и опасни смртоносни ситуации. Главната причина за снимањето на овој филм и пренесување на оваа приказна е нејзиното претставување на посебно комплексен, необичен и импресивен начин. Главниот јунак на филмот не е само некојси војник, туку лик создаден од камерата и техничката перфекција. Доколку некој очекува Мендес да се занимава со морални или псилошки дилеми на своите ликови или слични преокупации на кои сме навикнати во воените филмови, ќе биде разочаран. Она што ѝ е важно на филмската екипа во овој филм е тоа ние, како публика, да го забележиме вложениот труд за остварување на овој филм. Тоа што техниката во филмот не е проследена со квалитетна приказна, не мора нужно да се критикува бидејќи, пред сè, се работа за блокбастер. Приказната, во суштина, е движење од точка „А“ го точка „Б“, со многу препреки и предизвици, а притоа таа приказна и не е толку реалистична. За да постигне ефект на реалистичност, Мендес користи многу трикови како, на пример кога камерата минува низ рој на муви, сцена што ја доловува непосредноста и транспарентноста на филмската снимка. Исто така, може да се каже дека глумците солидно ја имаат



завршено својата работа, особено Џорџ Меккеј. Што се однесува до целокупното искуство на тонот и музичките секвенци, кои се особено важни, може да се каже дека тие се совршено вклопени и не се тука колку само да се пополни нешто во позадината на филмот, туку токму спротивното, тие се уште едно важно парче од сложувалката на целокупното филмско остварување.
Филмот „1917-та“ е импресивно техничко остварување во кое внимателно се прикажуваат деталите и затоа и бил номиниран за наградата „Оскар“.
Овој филм го претставува пеколот на рововската војна со сурова, соголена непосредност. Филмот вешто ги комбинира напнатоста, хаосот и човечките емоции, негова единствена мана е квалитетот на приказната која, за жал, е под очекувањата.

Ивана Лазаревиќ



**Режија:** Сем Мендес

**Улоги:** Џорџ Меккеј, Дин Чарлс Чепмен, Марк Стронг, Ендру Скот, Ричард Медден, Колин Фирт, Бенедикт Камбербеч

**Жанр:** биографска драма

**Сценарио:** Кристи Вилсон - Кернс

**Продуцент:** Сем Мендес, Пипа Харис, Џејн Ен Тенгрен, Калум Мекдагл, Брајан Оливер

**Дистрибутер:** „Универзал пикчерс“ (САД), „Ентертејмент ван“ (САД и Ирска)

**Кинематографија:** Роџер Декинс

**Музика:** Томас Њуман

**Монтажа:** Ли Смит

**Година:** 2019

**Јазик:** Англиски

**Земја:** САД, Обединетото Кралство

**Времетраење:** 119 минути

**Буџет:** 90-100 милиони долари



# Езерото Младост – место

Во непосредна близина на Велес, се наоѓа вештачкото езеро Младост. Езерото е совршено место за одмор и релаксација, место за да се помине викенд или убав неделен ден. До таму се стигнува преку асфалтиран пат кој оди од правец на Велес, потоа покрај самиот брег на езерото, а се минува и покрај браната. Езерото Младост е мошне посетено туристичко место. Тука е и акумулацијата „Младост“, на реката Отовица, лева притока на реката Вардар. Најголемата длабочина во езерото е 25 м. Оваа акумулација овозможува да се обезбеди вода за наводнување преку систем за наводнување на делови околу Велес и с.Отовица. Се наводнуваат околу 1.350 хектари обработливо земјиште. Просторот околу езерото е среден урбанистички. Има сателитска населба за домување, комерцијални содржини, угостителство и зона за спорт и рекреација. Езерото е место за спортски риболов ( крап, сом, шаран, бојник), за излети и за пикници. На брегот на езерото има камп со приколки и простор за шатори во кои често престојуваат посетители.  Во околината на езерото има голем број викендички. Околните ридови се пошумени со борова шума која придонесува за пријатниот амбиент. Минатиот период се извршени повеќе акции за пошумување. Изминативе години се реализираше проектот „Смарт езеро Младост“, така што езерото доживеа целосна трансформација. Беа имплементирани повеќе  паметни решенија со кои езерото се претвори во модерна дестинација, по примерот на развиените европски градови. Освен што има многу ресторани и кафулиња, изградена  е и патека покрај самото езеро со „паметни клупи“ со соларно напојување. На овие клупи можете да ги наполните вашите паметни уреди или да се приклучите на интернет. За најмладите има уредени катчиња со детски реквизити.  Можете да изнајмите велосипеди и да се рекреирате. Одличен е и просторот за паркирање. Ако ве стемни, не се грижете. Околу езерото е воспоставен интегриран систем за контрола на автоматското осветлување. Изграден е и еко-камп со парк на авантури, а  исто така е  уреден и крајбрежниот појас. За жал, оваа година езерото се соочи со загадување на водата и затоа стручњаците од Хидробилошкиот завод за надминување на лошите состојби и спас на езерото, препорачуваат да се изврши механичко отстранување  на наслагите од алги и друг отпад. Посебно препорачуваат под итно снабдување на акумулацијата на езерото со свежа вода.

Каролина Мицевска
Зоран Василески



# о за одмор и релаксација













